СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеснаесеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 октомври 1993 година

Скопје, октомври 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА 16-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 66-та СЕДНИЦЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 27.Х.1993 ГОДИНА**

1. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 3, 4 (Радио дифузија, гласање стр.6 и 10)
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 69
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 77
4. АБДИ ФАИК - 86
5. БАЈАЛЏИЕВ ДИМИТАР - 78
6. БОШКОВ ЈОРДАН - 4
7. ГОШЕВ ТУШЕ - 16, 22, 26, 34
8. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 52, 54
9. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 74, 77
10. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 67
11. КИРОВ ТАШКО - 35, 38
12. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 85, 88
13. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 88
14. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 48
15. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 84
16. ПАНОВСКИ МЕХАИЛ - 42, 46
17. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 39
18. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 28, 54
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 11, 19, 25, 26, 28, 33, 34
20. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 1, 2
21. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 62
22. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 63
23. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 59, 61

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеснаесеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 октомври 1993 година

Седницата започна со работа во 11 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Џеладин Мурати,потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Панчо Минов, Петар Горгиев, Панче Насев, Симеон Наумовски, Флоре Масалковски, Душко Георгиевски, Васил Зимбаков и Благој Ханџиски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на поименично гласање по Предлогот на законот за изменување на Законот за радио-дифузија.

Го молам секретарот да пристапи кон поединечно гласање.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, продолжува истата практика претседавачот соопшти дека имаме 61 пратеник и наводно дека имаме кворум и дека можеме да работиме. По Деловникот присуството во салата се констатира со прозивка. Тоа е деловничка одредба. Меѓутоа ако претседавачот тврди дека има мнозинство на пратеници во салата одговорноста за точноста на тоа што го тврди е негова.

I/2.-РД/ВБ

Зошто излегов на говорницата. Едноставно треба да се потсетиме дека претседавачот, господинот Мурати го прогласи и кажа дека Законот е усвоен. Со други зборови, денеска повторно ни се наметнува гласање поединечно, бидејќи некој изрази сомневање во гласањето. Пратеникот што изгласи сомневање не е тука. Гледате во каква ситуација се доведува Парламентот гласањето аз еден закон да го спроведува после пет дена, а едноставно гласањето требаше да биде извршено во истиот ден. Тоа е квалитет на гласање, со други зборови сомневањето е во гласањето на присутните во времето и кога се гласаше јавно. Оттука, какво е тоа сомневање после пет дена кога не се присутни пратениците кои што гласаа. Бројката на првото гласање со кој што законот е усвоен и констатирано е како такво е присуство на пратеници 67. Таа е бројката. Сега имаме ние овде 61 пратеник и се поставува прашање каква ќе биде судбината и на ова поединечно гласање. Едноставно со народен речник кажано дека овој Парламент јасно е дека ќе гласа против законот и со тоа ќе остане обврската на 200,можеби и повеќе илјади тужби на граѓаните за неплаќањето на ТВ претплата. Тоа значи неводење сметка на самата бројка која што сепак нешто говори. Ако во државата граѓаните плаќаат помалку електрична енергија отколку за ТВ, јасно дека нешто не е во ред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Тоа не е процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Оттука нашата пратеничка група во овој случај ќе биде доследна на себе си ќе остане во салата, а како ќе се произнесеме ќе имате можност да чуете.

I/3.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ние поминуваме на поединечно гласање кое беше барано на самиот ден кога беше изразено сомневање за точноста, а зошто тоа не се направи тој ден знаат самите господа кои тоа го предизвикаа.

Го молам секретарот да пристапи кон поединечно гласање бидејќи во салата присутни мнозинство пратеници што ни овозможува да работиме полноважно.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Го известувам Собранието на Македонија и целиот македонски народ дека од денес не сум член на Партијата ВМРО-ДПМНЕ

Второ, имам право како член на новата партија ВМРО- Татковинска партија да кажам два-три збора.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Тоа не е во дневниот ред. Ќе имате прилика друг пат да зборувате за тоа. Имаме само процедурално.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ќе дојде како процедурално. Јa сакам да објаснам една работа за да се смират духовите и да најдеме еден пат со кое ќе го решиме ова прашање, затоа што гледам една работа. Од сите партии некако луѓето се дистанцираат и према тоа гледам дека не сакаат некако да сфатат, и еднаш гласаат вака а утре гласаат поинаку. Според тоа, ми се чини дека дадениот закон беше од еден член на Собранието за кое гласаа повеќето од членовите, незнам колкав беше бројот, меѓутоа, гласаа со кревање на рака да не се плаќа телевизија.

Видете во што е работата за да не се лутат ни овие ни оние.

I/4.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Немаме расправа.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не е расправа. Меѓутоа, влегуваме во една тема, ние сме тие што ќе го решиме прашањето општо, зошто дојде до тоа. Може некој ќе се дистанцира, некој ќе крене рака, некој нема да крене, а се броиме тука сме 61, дали сме и толку незнам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За тоа ќе утврдиме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Работата е во тоа луѓе. Гледајќи ја во целина положбата на телевизија и на луѓето, од социјална гледна точка ни телевизија не може да опстане, ни луѓето можат да опстанат. Сега тука е решението. Зошто ние не размисливме една работа. Дали постои трето решение. Ако ние не сме способни да донесеме трето решение, тогаш значи Собранието не сме способни да ги вршиме нашите обврски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам прекинете со вашето изјаснување. Имаме пред себе закон за гласање за радио-дифузијата. Расправата по овој закон е завршена.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас сметам дека со преминувањето на поединечно гласање ќе се направи сериозен преседан, не само во нашата парламентарна практика, мене воопшто не ми е познато каде досега на овој свет некој парламент на ваков начин одлучува.

Изразувањето сомневање во исходот на гласањето е сосем легитимно. Исто така било сосема во ред во тој миг да се врши поединечно гласање. Но евентуално и да се бара пауза, тогаш за мене е спорно. Јас не бев тогаш присутен но потоа истиот тој што бара поединечно изјаснување да претпочита да не се врати во салата и тоа групно да се направи класична опструкција за по извесен период повторно да се вратиме, јас мислам дека тука имаме деловнички аспекти кои ќе мораме на некој начин да ги елиминираме, затоа предлагам надлежната комисија да се состане, да претресе состојбата која е и со тој став да одиме понатаму. И би сакал овој предлог да биде на гласање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас мислам дека толкување дава претседателството, но поединечното изјаснување не е специфика на оваа седница ниту на овој закон. Ве молам, тригодишното искуство покажа дека тоа неколку пати од секоја пратеничка група било практикувано.

Ве молам да утврдиме точен број на пратеници пред да преминеме на поединечно изјаснување.

Имаме присутни 63 пратеници, го молам секретарот да помине на поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(ПРИЛОГ - СПИСОК)

I/6.-

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | воздржан |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | воздржан |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | воздржан |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7.ТИМЕ АНДОНОВ | не е тука |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | воздржан |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22 . РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | против |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26 . БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | не е тука |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | воздржан |
| 30. ЈОРДАНЗАФИРОВ | против |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРДН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | воздржан |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | не е тука |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | за |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | против |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | против |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | воздржан |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | не е тука |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | не е тука |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | против |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | против |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не сака да гласа |

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ КАУМОВСКИ | против |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | не е тука |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | за |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | против |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | не е тука |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | против |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | не е тука |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | против |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | воздржан |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 97. НИКОЛА СТОЈАЧОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | не е тука |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

I/9.-

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | за |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | против |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | воздржан |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | против |
| 120. ХИСНИ ШАЌИРИ | за |

II/1 СП/СЛ

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вкупно гласале 77 пратеника, од кои 25 гласале "за", 40 против, и 12 се воздржале од гласањето.

Според резултатите од гласањето констатирам дека Собранието не го донесе Законот за изменување на Законот за радиодифузијата.

Преминуваме на **26-та точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за прекршоците, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закоп со Предлогот на закон, извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и ЗПК како и мислењето на Владата , Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана му предлага на Собранието да го одбие предлогот за донесување на овој закон, бидејќи пропишаниот систем на паричните казни за прекршоци се покажа ефикасен во надминувањето на проблемот на обезбедувањето на паричните казни за прекршоци.

Молам, кој бара збор?. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за прекршоците.

Кој е за, молам да крене рака? (36 пратеника)

Дали некој е против?(1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање?(31 пратеници)

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Има збор г-дин Стојановски.

II/2

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се сомневам во резултатите од гласањето, па ако имам поддршка од 10 пратеника, барам да се гласа поединечно.

Дозволете ми г-дине потпретседателе една интервенција.

Сакам да ставам забелешка на работата. Јас како претседател на ЗПК закажав седница пред 10 дена за денешниот ден. Денешнава седница на Парламентот се поклопи со времето на работата на Комисијат .и дојде до тоа што Собранието почна со работа кога бев ангажиран во таа Комисија. Сметам дека на овој начин ни се ускрати правото да учествувам во работата на Собранието по претходната точка.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, да ве информирам дека во 10,00 часот, дадовме соопштение дека седницата се одлага за во 11,00 часот, заради работата на двете комисии и тоа ЗПК и Комисијата за економска политика и развој. Со претседателите се договоривме во 11,00 часот, да прекинат со работа седниците за да почне Собранието. Во 11,00 часот кога звоневме луѓето ме известија дека комисиите не работат затоа што немаат кворум и нема што понатаму да објаснувам.

Го молам секретарот да пристапи кон поединечно изјаснување по предлогот на г-динот Стојановски, бидејќи има поддршка од 10 пратеника.

**СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | воздржан |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | отсутен |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | воздржан |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | отсутен |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | за |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | отсутен |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | воздржан |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | отсутен |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | За |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | отсутен |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | отсутна |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | воздржан |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | отсутен |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | отсутен |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

II/4

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | отсутен |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | отсутен |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | за |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | за |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | против |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | отсутен |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | отсутен |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | отсутен |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ | воздржан |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | отсутен |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | отсутен |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | отсутен |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | против |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | отсутен |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | отсутен |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | отсутен |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | отсутен |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | отсутен |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |

II/5

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | за |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | отсутен |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | воздржан |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | отсутен |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | отсутен |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | отсутен |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | за |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | отсутен |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | воздржан |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | отсутен |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | отсутен |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | против |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | отсутен |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | отсутен |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | отсутен |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 96 НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | отсутен |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | отсутен |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | отсутен |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | отсутен |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | против |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | отсутен |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | отсутен |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | отсутен |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | отсутен |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | отсутен |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | за |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | отсутен |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | за |

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вкупно гласале 79 пратеници, од кои 45 за, 20 против и 14 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?

Има збор министерот за правосудство г-дин Туше Гошев.

II/7

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници,

Ако ги погледнете двата закона кои се поднесени едниот е Законот за прекршоци, а другиот Закон за стопански престапи, тука станува збор за еден системски закон кој треба да регулира една огромна материја, а тоа е сите закони кои ја регулираат постапката за прекршоците и стопанските престапи. Ако го прочитате образложението кое се нуди на Законот за прекршоци и стопанските престапи, основата на тоа е намалување на казната на поединечни физички лица, а тоа значи дека материјалните можности на граѓаните се мали да можат да ги платат сите прекршоци кои ги има.

Преку Комисиите на Владата на Република Македонија, Владата понуди на Собранието закон каде најмалата казна која ја предвидува Законот од една половина ја намали на една петина, дури е поблага од овој закон што ја нуди сега постапката. Но, во суштина не станува збор за намалување на казната, туку за менување на системот на казнувањето.

Собранието се определи за нов модел на казнување во Република Македонија, а тоа напуштајќи го системот на одредување на казните во фиксен износ или применувајќи го системот на ден-глоба кој е систем на западната демократија, посебно на системот на скандинавските земји кој посебно го прифати Република Словенија и Хрватска, поточно дури и во Кривичниот закон на Република Словенија во членот 37 паричните казни се определуваат на овој систем и дефакто овој систем е иднина на казнената политика која треба да ја има Република Македонија за да може да биде компатибилна со европските модели на казнување.

Ако појдеме од тоа дека со овој закон дефакто се менува системот на одредување на казните не може Собранието, согласно членот 316 од Деловникот за работа да го менува системот по итна постапка затоа што во Предлогот на законот не се кажуваат основите или оправ- дувањата по кои сака да се менува системот на ден-глоба со системот кој се нуди на стариот систем. Ние, стариот систем го променивме од повеќе причини, тоа е што не можеше да го заштити значењето на казната како ретрибутивна односно граѓаните да бидат еднакви пред законот кога ќе се изрече казната односно инфлацијата ја јадеше казната и граѓаните нееднакво се казнуваа пред законот.

Втора работа казната го губеше значењето и законите беа обична декларација и дефакто ние го стимулиравме граѓанинот да прави прекршок. Ако појдеме од основите на законот за прекршоци дека прекршокот е рушење на јавниот поредок утврден со законот, ние, со овие казни сакавме да постигнеме да ги одвратиме сторителите на прекршоците да не прават понатаму прекршоци и

Трето, воспитно да делува на другите граѓани кои не треба да прават прекршоци.

Никакви анализи во Предлогот на законот за прекршоци ниту во Законот за стопански престап не видовме оправдување во номинална смисла.

Сега би сакал да кажам неколку видувања во врска со сообраќајните прекршоци каде беше основата за менување на најмалата казна. Ако во 1992 година , април, мај и јуни месец беа изречени прекршочни казни за сообраќај некаде 149.000 прекршочни казни.

**ТУШЕ ГОШЕВ**:(продолжение)

Во истата година откога стапи законот на сила од 19 93 година во истиот временски период имаме некаде 50 и неколку илјади, или вкупно 58,9 намалување на прекршоците што значи дека Законот во позитивна насока ја остварил вистинската улога.

Што се однесува за мандатните казни изречени на лице место имаме некаде намалување од 87,9 намалување на прекршочните казни. Значи во воспитна смисла законот ја исполнил својата функција. Единствено останува за мандатни и тужби поднесени пред судот кои не можат да бидат наплатени на лице место казни, имаме некаде околу 47 илјади и неколку за сообраќајни прекршоци, а оваа година имаме некаде околу 48 илјади, или некаде за 1,8 зголемување на граѓаните кои не можат да ги платат казните. Ние сме и Владата во насока за да се менува системот треба да има објективни образложенија од кои причини се менува системот, а во предлог на законите немаме такви образложенија и немаме во номинална смисла како позитивно, или негативно влијаел законот.

Што се однесува за прекршоците за сообраќајот јас реков дека Владата утврди предлог за донесување на закон каде најмалата казна за физичките лица ќе изнесува една петина со тоа што согласно на членот 3 од Законот за прекршоци и согласно на членот 40, 43 каде стојат основи за вонредно ублажување на казната на прекршоците и на примена на правилото важење на закон кој е поповолен за граѓаните, во дадениот случај на решавање на одредените спорови . Сметам дека во оваа насока Собранието кога ќе го усвои Законот на Владата кој го поднесува да биде на една петина најмалата изречена казна ќе се постигне целта каде што највисоката казна од една половина граѓаните не можат да ја под- несат во Републиката. Во тие насоки сметам дека не стои основ

системот на казнувањето во Република Македонија да биде променет на стариот систем. И не стои тоа дека Собранието за двапати изречена иста работа, или во правото два пати за иста работа различно да решава, Собранието го прифати системот на казнување во плати кој позитивно делуваше во таа насока.

Второ, дека најмалата казна сега ја намалуваме на една петина, а тоа е некаде околу 45 илјади денари во Републиката ќе биде најмалата казна. Сметам дека од тие причини Собранието да не го прифати предлогот за донесување на законот, затоа што во суштина го менува системот на казнувањето и повторно Собранието ќе го внесе во една игра да може да менува 150 закони во кои се предвидуваат прекршочните и стопанските престапи. Од тие причини на Собранието му предлагам да не го прифати овој предлог и општа насоката кога го работиме и законот за кривичното право предлагаме да биде системот на ден глоба. Веќе Словенија го прифати во членот 37 каде казнувањето ќе биде на дневница, или во плати просечни. Можеме да се пофалиме дека еве нашиот систем е прифатен и од Словенците. Во кривичното право во членот 37 паричната казна ќе се предвидува во просечни плати, а денот на казнувањето ќе биде ден глоба на оној кој колку заработува во просечната плата остварена во последните три месеци. Јас мислам дека системот кој беше стариот систем тоа значи сега враќање на стариот систем оваа држава го наџивеа и нема право за повторно да се враќаме на стариот систем.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа министерот изгледа направи грешка во чекори кога се јави да говори зад оваа говорница и во својот збор говореше дали има потреба за донесување на овој закон, или не. Собранието со повторно гласање се изјасни дека има потреба од донесување на овој закон. Понатаму, јас како предлагач ќе си го задржам правото на

рамноправност со Владата да предлагам закони а не сега да доаѓа министерот и да кажува , не овој не го усвојувајте, затоа што Владата реши вака да направи. Уставот ни дава право да предлагаме закони и ќе решаваме по оние закони, по оние проекти што се нудат овде од овластени предлагачи. Тоа само по однос на предлогот.

Што се говори од министерот овде дека нивниот иден пред лог ќе бил поевтин и поповолен за граѓаните од она што јас го нудам како измена на закон и дека Владата мисли за граѓаните како ќе ги казнува е апсолутно демагогија. Ќе го докажам тоа со следното. Законот за прекршоци јас предлагам за граѓанинот, за личноста да биде казната од 500 до 1.500 денари. Тоа е рамковниот основ по кој ќе се движи казнувањето. Што се задржа господинот министер за инфлацијата, тој е член во Влада која мисли да владее со инфлацијата, а не да се бори против инфлација. Ако некој во законодавството предвидува инфлација , тоа значи дека нема визија за развиток на општеството. Во таква смисла јас не сакам да гласам за закони кои на народот му носат беда. Која е таа земја која предвидува инфлација во казните? А штом некој се брани со инфлаторна работа во казните, во казненото право, тогаш да знаете дека работата не стои добро. Јас ќе продолжам понатаму. Што е разлика- та помеѓу номинална и вредност на казната и што е разлика ден, плата, или плата. Ако земеме просек на ниво на Републиката како што кажува и статистиката дека за месец септември просечна плата изнесувала некаде околу 4.300 денари. Ако го слушаме зборот на министерот дека до една петина и 4.300 поделени на 8 за него изнесува 450 денари , тогаш јас незнам по која математика 4.300 делено со 8 , или со 5 , ако е со 5 е над 80 0, ако е со 8 е над 500. Што значи дека математиката нема пријател. Таа има само сознание. Мојот предлог се состои ние да ја

имаме во предвид и социјалната основа и во казнената политика, затоа што член 1 на Уставот говори дека Република Македонија покрај другото д ^ социјална држава. И ако во овој случај не си го почитува и ова Собрание Уставот што го донел , тоа е лоша работа за државата, не за Собранието. Понатаму, платите со инфлација одат, се зголемуваат нагоре, тогаш не оди да биде помала казната од онаа што ја нудам јас, туку секој момент, па денеска на 27 октомври колку ќе биде просек плата за оние што се зголемени, меѓутоа колку ќе биде на оние што не можат да примат плата, или одат во армијата на принуден одмор, работници чии фирми подпаднале под стечај, што не можат да примат пензии да тие треба да ја плаќаат казната Јас и господинот министер не влегуваме во просекот на казнети луѓе, нас полицијата не не казнува, ги казнува оние што имаат ниски плати, ниски пензии, ниски примања, или што немаат ништо. И тогаш ние да го бараме просекот меѓу тие луѓе и тие да ни бидат просек за казнување. Прекршокот е казна со кој се интервенира лесните престапи, повреда на закон да се уредуваат. Ако некој прави поголеми прекршоци што имаат поголемо значење и загрозување на стабилноста, таму во законот е предвидено покрај паричната казна и казна затвор од 15 до 60 дена. Јас се прашувам како Владата не најде модус да напише, поради инфлација ја зголемуваме и казната затвор и таа да се зголеми, па да биде апсолутно инфлаторна држава. Затворот останува ист, а само казните во пари ќе ги зголемуваме. Затоа предлагам да се прифати мојот предлог.

Вториот дел што се тврди од Владата имаше место како и секој и таа да делува амандмански и да каже ова го прифаќам вака да биде како што ние по предлозите на Владата делуваме амандмански, а не противнички да не се донесува. Така и Владата требаше тоа да го

направи. И да ни каже како таа најде начин и средства да еден систем од номинална вредност го претвори во плати и да не плаче дека ќе направат многу измени. Сега одеднаш кога предлага тоа да се надмине се говори со масовност за работа. Па луѓе човекот постои и се разликува од другите животни само од особината што работи и нема да се плашиме да работиме. Ќе работиме само што ни е од интерес. Затоа оваа интервенција на министерот како претставник на Влада сметајте го само во фазата кога требаше да се говори дали има потреба овој закон да се донесе, или да не се донесе. А предлогот што сега го даваат и велат, не,немојте вие, Владата да има доминација во ова Собрание. Не треба да го кршиме Уставот. Ќе имаме доминација сите што сме овластени за таа работа.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, прекршокот е повреда на јавниот поредок утврден со Законот за прекршоци и сите оние закони кои ги предвидуваат тие прекршоци и стопански претстапи. Прекршокот, казната е непожелниот случај кој ќе му се случи на граѓанинот кој го прави прекршокот. Основна цел на прекршокот е сторителите на прекршоците да ги превоспитуваме да не сторуваат други прекршоци, или пак позитивно да делува казната на оние кои треба да го почитуваат јавниот поредок утврден со тие закони. Ако појдеме од тоа дека казната е непријатниот дел кој може да му се случи на оној кој го крши јавниот поредок , тоа значи ретрибутивноста на казната соодветна да биде на правичноста на општеството што ќе му се одмазди на оној кој ќе го стори прекршокот. Сметаме дека во овој случај не станува збор за висината на предлагањето на казната која е основа за одредувањето на прекршокот. Во суштина станува збор за менување на системот на казнувањето.

Владата преку своите комисии и податоците кои ги има за сообраќајните прекршоци смета дека 58,9 прекршоците од сообраќајот за месецот април мај, јуни и јули 1992 година и 1993 година се намалени прекршоците Тоа значи дека законот постигнал одредена позитивна дејност. Ако појдеме од тоа дека Законот за прекршоци познава повеќе институции за ублажување на казната и позитивното делување на казната, почнувајќи од членот 3 каде кажува дека за сторителот на прекршокот ќе се примени поблагиот закон кој ќе биде на правна сила во моментот на одлучување на прекршокот. Владата на Собранието на Република Македонија му поднесе предлог за донесување на закон согласно на членот 316 од Деловникот за работа на една петина од просечниот личен доход. Тоа значи дека сите постапки кои се водат пред прекршочните судови казната на изречените прекршоци ќе биде една петина. Законот за прекршоци познава и други институции за ублажување на казната. Во членот 40 и 43, тоа значи вонредно ублажување на казната, односно изрекување на казната на најмалиот износ на казна кој го предвидува Законот за прекршоци, а тоа ќе биде една петина од казната.

Втора работа во членот 43 од Законот за прекршоци предвидува и опомена која може да му биде изречена на сторителот на прекршок за одредено прекршочно дело за кое е предвидена само парична казна. А што станува збор за казната изрекување на затвор не е точно дека таа е 15 дена . Најмалата казна може да биде 30 дена до 90 дена, Законот за прекршоци ја предвидува. Сега станува збор за менување на системот. Од предлогот на законот не стојат основи за менување на системот. Системот на ден глоба систем, јас реков дека го прифатија и многу европски земји заради повеќе причини. Едната причина е, со инфлацијата се- девалвира казната и законите стануваат обични декларации и ние дефакто ги стимулираме граѓаните да сторуваат

прекршоци кои се предвидени со законот, затоа што паричната казна, или онаа непријатната казна која може да му се случи на сторителот на прекршок е минимална и дефакто и ние ги стимулираме граѓаните да сторуваат прекршоци, а тоа значи правиме огромни материјални штети на општеството, го загрозуваме животот на граѓаните. Ние имавме огромен дел од сообраќајките во кои погинуваа граѓаните. Јас прашувам дали со една таква парична сказна ја постигнуваме целта . Ако појдеме од тоа колку сообраќајни прекршоци има во април, мај, јуни и јули 1992 и 1993 година од 144 илјади прекршоци, оваа година имаме некаде 53 илјади прекршоци. Тоа значи 58,9 имаме намалување на сторување на прекршоците. Тоа значи дека законот постигнал одредена цел, а тоа е што сторителите на прекршоци не сторуваат нови прекршоци . Од тука сметам дека системот на ден глоба ја зачувува правата вредност на казната, односно дека казната позитивно им делува на граѓаните да не сторуваат прекршоци од една страна, а од друга страна Собранието секој месец да не ги менува казните и се заплетува во таа игра да ние ги менуваме казните, затоа што имаме инфлаторни движења во Републиката и казната го губи значењето. Од тие причини ние се определивме заради еднаквоста на граѓаните да го примениме тој модел на казнување ден глоба кое позитивно влијае во Западна Европа, а посебно во Скандинавските земји. А сега дури јас реков во кривичното право на Законот во членот 37 од Кривичниот закон на Словенија каде се предвидува нашиот модел, казнување во плати. Што значи дека сепак, тој модел е иднина по кој треба да се прави и кривичниот закон во Република Македонија. Од тие причини не гледам објективни образложенија социјалната интенција на казната да биде помала да граѓаните можат да ја поднесат. Со помалата казна ние дефакто ќе ги стимулираме граѓаните да прават многу прекршоци со кои ќе се

предизвикаат огромни материјални штети и губење на животот на граѓаните во тие прекршоци кои ги предвидува Законот за прекршоци и стопански престапи. Па му предлагам на Собранието, затоа што Собранието веќе еднаш се произнесе за стариот модел. Ние немаме враќање, да се вратиме на стариот модел на одредување на казната, туку тоа Собрание го прифати системот на ден глоба кој беше образложен пред Собранието и му предлагам таквиот закон да го одбие и да не го прифати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Само една напомена пред да му дадам збор на господинот Стојановски.

Не водиме расправа по предлогот на законот, бидејќи расправата ја заклучивме. Сега само објаснување пред изјаснувањето дали Собранието ќе го прифати предлогот на оваа седница да се расправа и по предлогот на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, интервенцијата на претседавачот ја прифаќам, а да ја беше и тој задржал оваа иницијатива , односно ова правило немаше да дојде до расправање сега ниту од моја страна интервенција, ниту од страна на министерот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Сакав само да направам една разлика. Министерот изнесува податоци бројчани. Меѓутоа, не направи разлика што е прекршок, а што е кривично дело. Јас барам овде предлог да се измени прекршочниот закон, а говори за смртни и тешки оштетувања во сообраќајот или на друго место. Таму овој закон нема интервенција. Таму е кривичниот закон и со него таму се оперира. А бројот дали се намалил или не се намалил за казнување не е дека немало прекршоци, туку самите полицајци кои гледаат на лице место дека се огромни казни, или при интервенција кај претпоставените не се оди по постапка. Таквата интервенција, тоа е првиот дел. Кога Владата виде дека ја забраздила со претходниот закон, сега сама се јавува поради голема вредност, поради голема казна да ја намалува казната, а од друга страна прети со големи казни. Тоа е таа нелогичност. Ако е многу, многу е и номинално, многу е и со плата. Овде јас кажувам од 500 до 1.500. Од 1.500 до 15.000 денари. Тука е одлуката на судијата. Како тече инфлацијата тој може да ја зголемува казната со вредноста во моментот на изрекување на казната. Се зафаќа, навистина, еднакво сите, оној што има помала плата, ќе има помал процент. Оној што има поголема плата, ќе го закачи поголемиот дел. А овде штом е просек на плата, луѓе, штом е плата дали има голема плата или мала на него му се изрекува една плата, тој ќе ја плати таа плата и што има и 20.000 денари плата и што има 1.50 0 денари примања. Значи, дека казната не е -за сите еднаква каква што тврди министерот, туку е нееднаква.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Според членот 9 сите се еднакви пред законот и еднаква треба да биде казната. Според член 54 последниот став "правната одреденост на казната е методот во плати". Тоа се утврдува. Само едно би сакал да

кажам. Не станува збор за висината на казната, туку станува збор за моделот на казнувањето. Еден американски научник, проучувајќи за идеите теоријата, тоа утврдил, секоја идеја испратена до медиокритетот на државата, ако 20% помине, таа е идеална идеја. Тука станува збор за поништување на идејата и конзервативно враќа- ње на стариот модел на казнување, што не ја постигна целта во Ре- публката и граѓаните во Републиката се осеќаа како да ние немаме закони и сите ги стимулиравме со сторувањето на прекршоците. Сега кога успеавме да ја стимулираме или намалување на сторителите на прекршоците за 58,9 кога законот ја постигна целта на казнувањето ние повторно сакаме да го вратиме стариот модел. Мислам дека тука огромна грешка се прави во Собранието и поаѓајќи од правилото нонбисимиден, два пати за иста работа Собранието да одлучува на различен начин, тоа значи неправедно одлучува Собранието. Мислам дека висината на казната овде не е цел за менување на системот и мислам дека Собранието мериторно ќе погреши ако го прифати стариот модел на казнување. Ние одиме напред и мораме напред да се однесуваме и компатибилно да се вклучуваме во европскиот модел на казненото право. Оттука, му предлагам на Собранието да не го прифати ваквиот начин на казнување.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

37 пратеници гласа за.

Дали некој има против? (27 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеника).

Констатирам дека не е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој предлог на закон дојде со прегласување да влезе во дневен ред. Дојде со прегласување за него да се расправа. Пак го поставувам тоа и сега се сомневам во реалноста во исходот на гласањето.

Дали имам поддршка од 10 членови или не? (Има).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали има поддршка од 10 пратеници? (Има).

Го молам секретарот да пристапи кон поединечно изјаснување по Предлогот на закон.

Процедурално бара господинот Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Во името на пратеничката група барам 15 минути пауза за консултирање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, 15 минути имате пауза, а во 13,05 часот ќе почнеме со работа.

Ги молам пратениците да не се оддалечуваат од просториите и од ралата.

V/1/CJ/лј

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,20 часот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа.

Секретарот да пристапи кон поединечно изјаснување по Предлогот за донесување на закон.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | - против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | - против |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | - против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | - против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | - не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | - не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | - против |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | - не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | - за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | - за |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | - за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | - воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | - против |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | - против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | - за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | - за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | - против |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | - за |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | - за |
| 21. САНДЕ-ДАВЧЕВ | - Не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | - не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | - против |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | - против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | - за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | - за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | - не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | - не е тука |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | - за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | - против |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | - за |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | - против |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | - не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | - не е тука |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | - за |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | - не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | - против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | - не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | - за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | - за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | - не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | - за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | - за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | - за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | - против |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | - за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | - за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | - не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | - не е тука |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | - не е тука |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | - не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | - против |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | - не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | - не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | - против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | - не е тука |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | - не е тука |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | - воздржан |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | - не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | - против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | - воздржан |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | - за |

V/3.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | - против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | - не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | - против |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | - не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | - не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | - против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | - не е тука |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | - за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | - против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | - против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | - не е тука |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | - за |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | - не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | - против |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | - не е тука |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | - против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | - не е тука |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | - не е тука |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | - против |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | - против |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | - против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | - против |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | - не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | - за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | - не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | - не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | - против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | - за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | - против |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | - против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | - за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | - не е тука |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | - против |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | - воздржан |

V/4.-

102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - за
103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - не е тука
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ - за
105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ - против
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ - за
107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ - против
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - за
109. АГИМ ФАЗЛИУ - не е тука
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - за
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ - против
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е тука
113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - не е тука
114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - не е тука
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - против
116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - не е тука
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ - против
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - не е тука
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - не е тука
120. ХИСНИ ШАКИРИ - не е тука

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вкупно гласале 72 пратеници. Од кои 30 за, 38'против,

4 воздржани.

Констатирам дека не е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон. Оттука произлегува и заклучокот предлагачот да изготви предлог и на Собранието да му поднесе предлог на закон при што да ги има предвид извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, ЗПК расправата што се водеше денеска во која учествуваше предлагачот и министерот.

Минуваме на **точка 27** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стопанските престапи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот, извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна

V/5.-

одбрана, ЗПК и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана му предлага на Собранието да го одбие предлогот за донесување на овој закон бидејќи пропишаниот систем на паричните казни и стопански престапи се покажа ефикасен во надминувањето н а проблемот во обезбедувањето на паричните казни на стопански престапи.

Молам, кој бара збор?

Господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на она што се расправаше со претходниот закон не сакам повеќе да говорам за тоа кои се причините за донесување на овој закон, меѓутоа ќе укажам на една работа. Ние имаме правни лица односно претпријатие кои можат да потпаднат под казна за прекршоци по овој закон каде може да се изречат двеста пеесет плати. Со изрекување на ваква казна доаѓа до стечај на фирмата. А тоа се воглавно малите претпријатија, дали парламентот ќе има за цел и оние малку што работат со казни да ги затвори и да останат луѓето без работа. Држите се на некои предложени принципи за модалитет дека систем на плати е нова идеја, нова работа, работа на иднина. Откако ќе останат луѓето без средства за живеење тогаш колку ќе им помогне модата да видиме. Тоа е мојата причина за уважување на овој закон да се измени. Земете во предвид 250 плати, тоа е сега негде милион динари плата може да се изрече тешко која фирма во ваков начин на работење, во вакви стопански услови, вакви пазарни услови, вакво опкружување на работење дали ќе може ова да се издржи. Особено ако бидат казнувани оние фирми кои се на работ пред стечај или затворање. Тоа е мојата причина сакате уважете ја, сакате држете како што држете и при првиот

V/6.-

дел политичката припадност, тоа е ваше право. Само една работа, турците говореле дека инаетот главата ја кине, немојте да дозволиме таа работа да биде.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници и овој закон во истиот стил како што беше законот за прекршоци, дефакто не станува збор за изменување на висината на казните, станува збор за промена на системот на казнување. Висината на казнувањето ние може да ја уредиме со измени и дополнување доколку почитуваниот господин Томе Стојановски осетил дека казните се високи можел во таа насока да предложи намалување на казната, а не да предложи менување на системот на казнувањето.

Стопанските престапи дефакто значат материјално финансиска повреда на финансиските прописи во Републиката, не плаќање на даноци, непочитување на материјално - финансиското работење е утврдено со сите системски закони кои ги имаме.

Од тие причини предлагам дека основот на висината на казната не е основ за менување на системот и му предлага на Собранието да не го прифати таквиот закон затоа што законот, системот на казнување има позитивни резултати во Републиката.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на министерот. Еднаш да погледно во она што не е напишано. На овој закон и на оној претходниот пратеникот, колега Ефтим Манев има амандмани во смисла да се запази системот, а да .се намалат казните. Гласавте дека нема потреба, има потреба не треба да се расправа. Сега што е вистина, дали што викате дека казните се менува системот, па не се прифаќа ни амандманот, ни пред- логот на законот, или е нешто друго? Овде е јасно. Колегата Манев стави амандмани на првиот ,закон и на овој да се запази системот на плати, јас

V/7.-

не го прифатив, требаше да се гласа за таа работа, сега исто и овој закон. Министерот вели не гласајте и толку е.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за стопански престап.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 27 пратеници.

Дали има некој против? (27 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (б пратеника)

Сигурно некој не гласал, бидејќи вкупно има повеќе пратеници.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен. Минуваме на точка 24

- Информација за актуелните состојби во развојот на спортот в о Републикава.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија достави анализа за актуелните состојби во спортот на Република Македонија исто така Ви се поделени извештајот на Комисијата за образование, наука и култура и предлогот на заклучокот, поднесен од пратеникот Панче Минов. И денеска дојдоа ставови од Олимпискиот комитет на Македонија.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**ТАШКО КИРОВ:**

Дами и господа, спортот има благородно и пламенито својство па создава услови за зближување помеѓу луѓето. Дека тоа е така се покажа и овој пат. Ние уште од јули месец добивме информација за актуелните

состојби во спортот во Републиката поднесена од сите координатори на пратеничките групи. Буквално од сите координатори, тоа досега мислам не било пример и секако за поздравување.

Во меѓувреме, минатата недела, во текот на оваа седница и анализа за состојбата од страна на Владата. Бидејќи оваа информација од координаторите не е повлечена, јас сметам дека ние можеме да расправаме и по двете информации. Претставник не се изјасни дали таа информација се повлекува. Бидејќи овие две информации имаат да речам и заеднички именител, особено во уводниот дел и во ана- лизата на состојбите за спортот во Републиката мислам дека тие се добро опфатени, особено од страна на Владата анализата е посеопфатна и проширена информација така да тука немам забелешка.

Јас имам конкретно две забелешки околу конкретните пред- лози што се предлагаат и имаат заеднички именител и во едната информација и во другата.

Во информацијата од страна на координаторите на пратеничките групи конкретно се предлага: "согласно тоа предлагаме, заради критичната состојба со спортските објекти во Скопје да се активира проектот за спортско деловен центар Скопје, при што финансирањето да се овозможи ослободување или минимален надомест на комуналиите ослободување од данок на промет за градежен материјал, како дел на сопственички права на објектот на РМ, на градот Скопје, и други стимулации". Се поставува прашањето дали само на градот Скопје. Сигурно градот Скопје, спортот во градот Скопје заслужува вакви пропусти, но дали овие пропусти само треба да се однесуваат за град Скопје. Тука Владата е многу пообјективна и во нејзиниот извештај изнесува објективни состојби и велат дека "Имаме започнати и недовршени спортски објекти во Тетово, Виница, Струмица, Крушево,

Охрид како и село Маврово, исто така имаме воопшто градови каде што не- маме спортски објекти, тоа е Ресен Валандово, Македонски Борд и други. . .

Втората забелешка се однесува на следниот предлог кој што е во информацијата, со закон да се определат спортски центар од интерес на Републиката. И тоа летен спортски центар Охрид, и зимски спортски центар Попова Шапка кои би уживале одредени бенефиции и приоритети во финансирање на спортските објекти.

VI/1 ЈК/ПН

**ТАШКО КИРОВ**: (продолжение)

Овде конкретно се предлага по еден спортски центар за летен туризам и за зимски, во информацијата од страна на координаторите. Во материјалот од Владата се предлага да има категории и тоа во категорија да спаѓа Попова Шапка, Маврово и Пелистер. Токму овие 2, да кажам од 2 субјекта изнесени 2 предлога внесуваат една сомнителност околу објективноста на овие категоризации. Што би се случило ако имаме и 3 предлог. Дали тогаш во тој предлог не би бил опфатен и градот Крушево. За развојот на туризмот не е доволно да имаме еве конкретно ако е летен туризам вода и сонце и капацитети, туку е потребно и нешто пошироко. Тука на пример градот Крушево нуди културни, историски и други знаменитости што можат да бидат и те како предност. И ако некој сега предлага 3 предлог, тогаш тој би предложил едно ново видување. Јас имам конкретно на овие два предлога забелешки.

Првиот предлог е попустите да се однесуваат не само за градот Скопје, туку за целата Република за спортските објекти.

Вториот предлог е да немаме категоризација за одредени центри, како што подоцна се вели дека тие центри би требало да бидат под грижа на Републиката, туку под еднакво сите да ги ставиме на иста стартна состојба. Тоа во спортот е посебно значајно, зашто знаеме било која трка кога почнува, условите за сите натпреварувачи се исти. Сите се во една замислена линија на стартот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Димитар Поповски.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, дозволете најнапред во името на спортистите и спортските работници како и спортските организации од РМ, во нивно име да го изразам големото задоволство, радост и едновремено благодарност што Парламентот ќе расправа за проблемите што ја тиштат оваа општествена област.

Вие добивте два материјали, едниот е информација за актуелните проблеми и еден е анализа за актуелните состојби во спортот во Републикава Македонија, што ја направи Владата преку ресорното министерство.

Комисијата ги имаше предвид двата материјали кога распра- ваше на својата седница и извештајот ви е поделен и во него има определени заклучоци, за кои веднаш да кажам јас ги прифаќам и ќе гласам за нив.

Спортот како значајна област во нашето живеење, е прилично запоставен во последниот период. Има доста проблеми што се наталожени, а за нив да не е проговорено подолг временски период. Оттаму се јавува и неопходноста за разгледување и за разрешување на овие проблеми. Комисијата кога расправаше за анализата на Владата, оцени дека е таа навистина сеопфатна, меѓутоа, не нуди решенија за надминување на овие состојби. Затоа Комисијата, бидејќи Владата предлага само едно решение, мислам како заложба за забрзана постапка за донесување на законот за спорт, Комисијата се согласи да ги прошири овие заклучоци за кои смета дека во овој момент ќе бидат значајни за подобрување на состојбите до донесување на закон.

.

Исто така видовте дека се денеска поделени ставови од МОК кои што произлегуваат од јавната расправа за тие состојби што ја

организираше Олимпискиот комитет и што дел од нив се во заклучоците на Комисијата за што јас се надевам и заклучоците и во натамошното разгледување и постапка и тие како заклучоци ќе бидат земени во разгледување.

Кои се суштествените проблеми во овој момент за спортот во Македонија. Тие се пред се во организационата поставеност која со законот ќе се регулира. Тоа е понатаму најважен проблем и најсуштествен проблем е и финансирањето на оваа дејност што не е соодветно решено.

Имено, од потребите што ги имаат македонските спортистки што ја претставуваат надвор од државата, Министерството не е во состојба, едноставно не е во состојба средствата со која располага да покрие ниту 50% од потребите на овие програми. Затоа и се предлага во законите што се во постапка и што ќе се донесуваат, на пример со Законот за данок од добивка да не се оданочуваат давачките во спортот, односно донаторите да бидат ослободени од оданочување за делот за кој учествуваат во донаторството или еден насто од данокот на промет да оди за покривање на потребите на реализација на меѓународните програми. Сметам дека со тоа значајно ќе се олесни настапот и подготовките и презентирањето надвор од нашата земја на нашите спортисти.

Еден од проблемите што е посочен во анализата тоа е стручните кадри. И самите забележувате дека како проблем се јавува школувањето на стручни кадри, потребни за спортот во Републиката. Дури и се налага и се залага Министерството, факултетот за физичка култура да подготви програми и тоа да го направи во што пократок рок. Само сакам да потсетам дека Факултетот за физичка култура школуваше кадри за

потребите на спортот, меѓутоа, тогашниот Секретаријат за образование и физичка култура со наредба му забрани на Факултетот да школува такви кадри. Значи, сега ние молиме, Министерството го молиме само да ни одобри зашто ние имаме и планови и програми за школување на кадар за потребите на спортот во Републиката. Дури имаме и специјалистички студии што се како постдипломски студии. Тоа би било се за стручните кадри и да не должам многу. Има потреба од тоа иако тука се јавуваат, односно ние имаме школувани високо- стручни кадри кои немаат вработување, а спортските организации се тие што ќе им дадат шанса на младите наши стручњаци да се изградат и да го покажат тоа што го научиле.

Како еден елемент и еден од ваквите субјекти во успешното подготвување на спортистите се спортските објекти. Добро е посочено во материјалот дека има големи проблеми со одржувањето на постојните спортски објекти. Ние се залагаме за она со што и во информацијата и заложбата да се реши така како што е дадено во анализата.

Една од заложбите е и покрај донесувањето на Законот за спорт и тоа што побрзо, да дојде и заложбата за усвојување на нашето барање, да се прифати основање на посебно Министерство за спорт. Самиот податок, господа пратеници, што еве после 3 години прв пат расправаме за проблемите во оваа дејност, јасно зборува дека заедно со образованието спортот во РМ не може да има таков третман како би го имал кога би постоело посебно министерство за спорт. Ова и од причина што и самото образование има толку свои проблеми што не може да стигне тие да ги разреши, па така во овие ситуации и во оваа состојба спорто се чувствува малку запоставен. Во анализата имаме дадено јасни податоци каде може да се види колкав е процентот на учество во државата во финансирањето на спортот. Тој процент, за жал

континуирано опаѓа како што може да се види од анализата. Затоа се залагаме да не се случува понатаму и за тоа се залагаме пред Владата да ги има предвид овие наши заложби.

Во ставовите што исто така ви се поделени во нив е тоа поцелосно и поопстојно опфатено со мерки и заклучоци и јас се надевам дека ќе бидат вградени во материјалот што ќе биде доставен до Владата. Затоа се залагам и ќе гласам за овие заклучоци на Комисијата, вие ги имате да не ги читам, само со тоа што во последниот заклучок каде се вели: "заедно со извештајот на Комисијата за образование, наука и култура и останатите белешки од расправата на седницата на Собранието, да се достави до Владата на РМ, до Министерството за образование и до Министерството за финансии".

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, сакам да ја поздравам иницијативата за да се расправа воопшто за проблемите во оваа дејност. Мислам дека редно беше еднаш после три години работа на овој Парламент, како што кажа претходниот дискутант да дозволиме да се каже збор - два за спортот.

Пред да се осврнам на информациите што се доставени од сојузот на физичка култура на Македонија и Министерството за образование, сакам да кажам неколку збора во врска со досегашната државна стратегија на РМ во однос на оваа дејност.

VI/6

Веднаш на почетокот ќе кажам, сметам дека отсуствува апсолутно било каква држава стратегија во спортот. Државата апсолутно дигнала раце од спортистите и ги пуштила секој да се снаоѓа како знае и умее во своите меѓународни настапи и презентации на нашата држава.

Мислам дека сите добро знаеме, од искуството во минатото а и денеска е тоа така, а како младите држави преку спортот се бореле за својата афирмација во светот. Се од причини бидејќи сметам дека е тоа најевтината афирмација на било која држава во светот. Дека политика е врзана со спортот укажуваат безброј примери. Познати се разните бојкоти на олимпијадите во минатото, познати се атентати на тие олимпијади исклучиво од политички причини. Сите добро знаеме за мали земји што биле под политичка блокада како што се Куба, Источна Германија бивша и др. како преку спортот се бореле за афирмација на своите држави, но при тоа мора да се каже дека издвојувале огромни средства за тој спорт, за неговиот развој, за што без издвојување на најелементарни средства не може да очекуваме било какви резултати.

Нашата актуелна власт дозволи македонските спортисти, мора и тоа да се каже, во текот на изминатата година значи 1991/92 спортска година дозволи нашите спортисти да бидат на груб начин политички изманипулирани, втурнати во непостоечки лиги, да учествуваат во теи лиги на бившата СФРЈ и со тоа да даваат легитимитет на велико српскиот режим за нивна афирмација во светот.

Јас уште пред една и пол година имав предлог за напуштање од страна на нашите спортисти на тие непосточки сојузни лиги, државата

не реагираше како треба, тогашната Влада не реагираше, и дозволи нашите македонски спортисти да бидат изманипулирани за цели и интереси на други држави.

Што значи за афирмацијата на македонската држава зборуваат многу успеси на нашите спортисти. Сметам дека една пливачка Мешковска или една златна или бронзана медаља во карате или успесите на ко- шаркашкиот клуб "Работнички", успесите на "Горче Петров" или "Уни-проком" ракомет женски, кајакарите, борачите и последниот вчерашен успех на нашите каратисти, второ место на македонската репрезентација во Европскиот куп, тоа се огромни успеси и огромна презентација и афирмација на македонската држава. Ќе бидам слободен во мојата оценка да кажам дека спортистите многу повеќе направија за афирмација на нашата држава отколку оние сите платени и претплатени дипломати наши, кои што за цело време крстарат по светот, плаќаме разни лобисти да лобираат, тврдам дека спортистите на многу поефикасен начин ја афирмираа нашата млада држава во изминатата година.

Исто такам мораме сакаме или нејќеме бидејќи ни се пружила една шанса да кажеме за овие проблеми, не верувам дека друг пат ќе имаме шанса, да кажеме и некои работи кои што очигледно го притискаат ова наше јавно живеење, големите аномалии, проблеми што се присутни во одделни спортови посебно во фудбалот како најпопуларен спорт, огромната тензија што навистина, за мене непознати причини е создадена меѓу одделни градови во Републиката, а која сигурен сум ќе се рефлектира и на политичко поле, пред се мислам на Скопје и Битола, на навивачите на скопските и битолските клубови кои што воопшто не ги интересира спортот, едноставно одат на утакмица да ги вреѓаат другите. Мислам како држава мораме, тоа е веќе во зачеток, да го пресечеме

зошто сметам дека ќе има ако не се стори тоа тешки импликации. Исто така морам да кажам  и тоа го сметам за своја должност, бидејќи многу ми е жал што пратеникот овде во македонскиот парламент кој е истовремено и претседател на Фудбалскиот сојуз кој што довзоли цело едно фудбалско првенство да биде наместено, на очиглед на сите, кој што дозволи единствено неговиот сојуз да не биде примен во Европски и светски сојузи, а знаеме дека се работи за најпопуларен спорт, кој исто така еден фудбалски клуб Брегалница од Штип го казни да излезе од македонската лига, само заради што таа Брегалница, на времето кога требаше да се напуштаат југословенските лиги, единствено од сите фудбалски клубови бараше и сакаше да се напуштат тие лиги.

VII/1.- ЛП/МЛ

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тој клуб не сакаше да биде ставен во ничии раце на политички манипулации. Нашиот фудбалски сојуз го казни минатата го- дина на очиглед на цела Македонија и на целата македонска јавност и Брегалница од Штип е казнета, повторувам и избркана од македонската лига.

Обично сум критички расположен спрема постојната Влада, но за прв пат морам да го кажам и тоа дека добиваме навистина квалитетна информација, за разлика од правата на СОФКА, каде е даден навистина добар осврт на сите проблеми во оваа дејност, во оваа област и се понудени мерки за разрешување на проблемите.

Сепак, во еден дел на страница 6 се вели дека има повеќе причини за лошото презентирање на нашиот спорт, цитирам, "на меѓународната сцена" каде меѓу причините се споменува и Буџетот, финансиите и понатаму се вели дека нашите спортисти се принудени да пристигнуваат на самиот натпревар, да патуваат без знаме и химна. Јас би се задржал најповеќе на тоа. Сметам дека спортистите се најмалку виновни што актуелната политика во Македонија ни даде едно смешно име на сите нас како држава, БЈРМ и имаме такви случаи спортистите да бидат принудени да настапуваат под неуставно име за својата држава без знаме, што секако ги засега истите, зашто не е така лесно да одиш да ја презентираш својата држава и сите твои колеги да бидат претставувани со име како што имаат, со знаме какво што имаат, а ти да мораш да одиш под разни- олимписки и други знамиња. Примерите од Светското првенство во атлетика во Штутгарт и од Светското првенство во борење во Торонто се навистина индикативни и тие што без да прашаат никого во оваа држава дозволија да биде прекрстена во бивша југословенска Република Македонија се најодговорните за овие проблеми. Инаку, во

овие информации се дадени одредени бројки кои не соодветствуваат со реалноста. Мислам дека се премногу напумпани. И покрај тоа што се напумпани бројките, зголемени, кажуваат за одредена тенденција на паѓање на пример, бројот на клубовите од 1983 до 19 93 година каде што се дадени споредбени податоци се намалил за 480, бројот на членовите се намалил од 560 илјади на 240 илјади, бројот на тренерите од 2.920 на 1.683, а јас се прашувам колку врвни тренери имаме во нашата Република. Сигурно на прстите од едната рака може да се набројат. Затоа, мислам дека треба да се вложува многу, многу повеќе, десетици и педесет пати повеќе од овие наши вложувања, претежно во врвните спортисти и претежно во поединечните спортови бидејќи тие ни се наша единствена можност за афирмација на нашата држава и тоа многу повеќе од нашата дипломатија што ја репрезентира нашата држава.

Исто така го прифаќам делот од Информацијата кој се однесува за спортските објекти. Сметам дека треба да се прифати и тој концепт и да се даде определен рок, предлагам од денешната расправа, за кој рок Владата - тоа може да биде максимум 30 дена а може и пократко, за кој рок Владата да излезе со конкретен предлог на закон за спорт, со овој концепт што ви е понуден мислам дека задоволува за почеток и предлог за формирање на ново министерство за спорт, иако морам да кажам и тоа дека јас како пратеник понудив во текот на март месец 1992 година предлог за формирање на тоа министерство за спорт. Но ќе повторам од претседателот на Парламентот господинот Андов тој мој предлог надвор од сите деловници беше изманипулиран, се донесе некој заклучок имагинарен и иако постоеше рас- положение кај сите пратенички групи за изгласување на тој предлог, сепак превагна волјата на претседателот на Парламентот и затоа денес Македонија сеуште нема посебно министерство за спорт.

Предлагам Информацијата на Владата и заклучоците од Комисијата да се прифатат и да се даде конкретен рок што побрзо да дојдат овие закони овде на наше усвојување.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Би кажал и јас неколку зборови.

(Потпретседателот Џеладин Мурати излегува на говорница).

Ние расправаме по мошне значајна проблематика, спортот и физичката култура, а пред себе имаме два материјали, Информација и Анализа. Јас ги прифаќам и двата и заклучоците на Комисијата за образование, наука и култура и двете анализи, односно Информацијата и анализата нудат излезни решенија. Не може да се рече дека тие се целосни и соодветствуваат со некоја визија како да се развива спортот и физичката култура во нашата Република.

Но сепак, современите услови на нашиот општествено - политички, економски и социјален развој се насочени по обезбедување на подобри резултати, особено на планот на зголемување на продуктивноста на трудот, намалување на социјалните разлики, развивање на солидарноста, намалување на невработеноста и обезбедување на социјална сигурност на граѓаните и на сите работни луѓе, а во овој контекст прашањето на физичката култура и спортот се јавува како минорно, односно мошне 'незначајно прашање. Меѓутоа, прашањето не изгледа така минорно и незначајно. Напротив, физичката култура како дејност од посебен општествен интерес навлегува и зафаќа многу суштински и суптилни прашања од животот на човекот и одделните категории на граѓаните што се непосредно поврзани со условите на живеењето и работата на секој поединечно и на сите колективно.

Од друга страна, соодветното решавање на проблемите на физичката култура и спортот и создавање систем кој обезбедува рам-

ноправно развивање на физичката култура и спортот на посреден начин влијае позитивно врз актуелното и натамошното афирмирање на спортот во сите нивоа, во сите услови и кај сите категории на граѓани. Позитивно придонесува во општествениот живот и во поуспешно остварување на образовните и здравствените цели и задачи и аспекти на физичкото воспитание. Посебно обрнувам внимание на спортот и физичката култура во основното и средното образование, односно во целина во образованието.

Целосното согледување на оваа проблематика непосредно е мотивирано и од потребата за што поуспешна реализација на целите и задачите, организацијата и функцијата на спортот и физичката кул- тура. Во таа насока како приоритетна задача пред соодветните органи и организации во областа на спортот и физичката култура се поставува натамошното развивање на системот на физичкото воспитание и на физичката култура и на спортот, на спортските организации, чии број во Републиката е доста голем и е за поздравување, развивање на соодветни механизми и поставеност за рамномерен развој на спортските дисциплини, за регионализација на спортските друштва и организации. Бездруго од интерес на нашиот граѓанин е физичката култура да се масовизира, а во спортот да се определиме не само кон врвниот спорт, туку спортот да биде составен дел на нашиот граѓанин, незаборавајќи притоа и една посебна категорија граѓани инвалидни лица на кои треба да им се обезбедуваат услови и тие да се вклучат во спортскиот живот и спортските натпревари.

Оттука, воспоставувањето и натамошното развивање на спортот и физичката култура е само логичко продолжување на потребите за нејзиното соодветно место во општеството. Вака сфатената физичка култура и спортската дејност ќе може поуспешно да ги остварува своите функции, како во развивање на превентивната дејност кај младите, ка]

училишната и студентската младина, така и кај работниците и другите граѓани кои спрема спортот изразуваат склоност, готовност за прифаќање и афирмирање.

Посебно треба да се истакне дека физичката култура и спортот како посебен општествен сегмент и интегрален дел на човекот зазема се позначајно место во нашиот демократски развиток, особено во афирмирањето на позитивните вредности и карактеристики што спортот ги нуди и овозможува. Затоа физичката култура и спортот не е издвоен сегмент од општеството и животот на човекот, туку се испреплетува со сите други нејзини услови и делови. Дури, може да се рече дека ова подрачје најмногу активира, мобилизира и ангажира граѓани без разлика на нивната национална, социјална и верска определеност. Тоа е најголемиот благодет на спортот и физичката култура. Во овој контекст треба да се вложат максимални напори да се спречат евентуалните подвојувања што тука и таму ги има во спортот и спортските натпреварувања. Хуманизмот и солидарноста во спортот и физичката култура се нејзини практични цели и задачи. Основа за натамо- шен поуспешен развој на физичката култура и спортот претставуваат квалификуваните стручни кадри. Ова до душа се спомнува како битна детерминанта и во Информацијата и во Анализата.- Ова значи дека за квалитетен спорт потребна е и стручно заснована програмска активност, потоа обезбедување соодветни извори на финансирање и обезбедување на средства и објекти каде може да се остварува спортот успевдно и квалитетна физичка култура. Тука, се разбира, не мислам само на врвниот спорт и на класичните спортски дисциплини на одделни категории на спортски работници, туку на еден многу поширок спектар на разновидни спортски активности, гранки и дисциплини што се јавуваат или што имаат тенденција да се прошируваат.

VII/6.-

Во однос на обврските на одделни носители на физичката култура и спортот во Републиката, сакам да го кажам следното: Тие треба да ја утврдуваат политиката на спортот и физичката култура почнувајќи од нивните организации од Републиката до месните заедници и да обезбедуваат средства за остварување на таа политика.

Второ, за натамошниот развој на физичката култура и спортот, како и за нејзиното поопштествување, мошне значајно е на- тамошното развивање на демократските односи во неа. Демократизацијата на спортот и физичката култура претставува нов квалитет како во однос на надлежностите така и во однос на начинот на создавањето на материјалните средства и на организирањето на спортот во Републикава. Посебно треба да се истакне дека физичката култура и спортот како нејзин интегрален дел заземаат се позначајно место, улога и влијание во афирмирањето на Републиката со сите нејзини специфики и карактеристики. Ова треба така да биде, но во практика- та се чувствува дека постои тенденција кон запоставување на одделни спортски кадри од националностите, што не би требало да се случува односно спортот треба да биде рамноправен за сите. Зашто како што реков и претходно тој не познава бои, нации и религии. Посебно спортот и физичката култура е интересно да се разгледува од аспект на програмските основи на основното образование и на средното образованите, при што се залагам тие спортски сали и спортски објекти да ги има во сите училишта каде навистина постојат, а се рушени да се реновираат и да се овозможат спортски активности за сите ученици во Републиката.

Благодарам.

(Потпретседателот Џеладин Мурати се враќа на претседавачкото место)

За реплика се јави господинот Љубосав Иванов.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Колегата Пановски пука од оваа говорница на еден сепак несвојствен начин на пратеник,изнесе многу лаги и невистини, фалсификати кои на некој начин ја дезинформираат јавноста, а и тука вас почитувани пратеници, па во врска со тоа сакам да го кажам следното

Фудбалскиот сојуз на Македонија има поднесено целокупна и уредна документација за прием во ФИФА и УЕФА и тоа на неколку па- ти и обавил во врска со тоа голем број разговори со членови на овие асоцијации, а исто така и со нивни врвни раководства. Неприемот на фудбалските клубови од Македонија во УЕФА, а исто така и на Фудбалскиот сојуз на Македонија во ФИФА доаѓа како резултат на отпори кои одат од грчката федерација, а исто така и овие две асоцијации, посебно ФИФА се крајно конзервативни асоцијации и кои имаат доста сложена процедура, а особено таму каде што има проблеми тие настојуваат таквите држави, таквите клубови да го одложат таквиот прием.

Можам да ви кажам дека во последно време во тој правец почнаа да делуваат поповолни така да речам ветрови, со самото тоа што ФИФА изрази спремност да испрати свои инструктори да ги погледаат спортските терени и стадионите во Македонија, а исто така на нашиот Статут кој им беше доставен уште пред една година со целокупната друга документација стави одредени безначајни забелешки, што значи да кореспондира со Фудбалскиот сојуз на Македонија. Тоа е едната работа.

Второ, ФИФА дозволи на фудбалската репрезентација на Македонија да отпочне натпревари со пријателски утакмици. Според тоа, ниту јас, ниту Управниот одбор на Фудбалскиот сојуз на Македонија не може да се надметне над оваа асоцијација и не може ништо повеќе да

направи отколку што направила досега. Според тоа, класирањето во јавноста на вакви дезинформации и на вакви тенденциозни искажувања ниту и служат на јавноста ниту му служи на спортот, ниту му служи на фудбалот и мислам дека е непотребно да се служиме со лаги, фалсификати, неточности.

Исто така, на вас ви е познато и на јавноста дека Управниот одбор и Фудбалскиот сојуз на Македонија ниту некој става да игра во некоја лига, ниту го исклучува. Оној кој има најмалку бодови отпаѓа од натамошно натпреварување. Минатата година од првата лига, според правилниците, Статутот и одлуките на Собранието на Конференцијата на Фудбалскиот сојуз на Македонија испаднаа четири клубови и тие четири клубови кои освоија најмалку бодови во првенството автоматски испаѓаат од натамошното натпреварување. Не е точно и лага е дека Управниот одбор или Фудбалскиот сојуз на Македонија ја исклучил Брегалница од натамошно натпреварување. Брегалница во текот на првенството е казнета да не игра на својот терен поради тоа што е нападнат судија, ама не се одземени бодови, а може според правилата и да се одземат бодови, не се сеќавам дали две или три утакмици е казнета. Но не е само Брегалница, такви казни има изречено односно имаат изречено комисиите на Фудбалскиот сојуз на Македонија на повеќе клубови (претседавачот Џеладин Мурати вели: "Времето за реплика помина"), и на Пелистер и на други клубови итн., па Пелистер е казнет дури со четири утакмици, а има и други фудбалски клубови.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ**: (продолжение)

Тоа не е убаво да се зима како повод, за пример Брегалница е исклучена заради тоа што се заложила да не се обавува повеќе такмичење со клубовите од поранешна Југославија. Такви критериуми и такви намери воопшто не постоеле.

Во однос на регуларноста, или нерегуларноста на првенството и Управниот одбор на Фудбалскиот сојуз на Македонија повеќе пати има расправано и оцени дека има голем број елементи на нерегуларност, наместени резултати, на мешетарење, на поткупи, поткупување на утакмици итн. Со таа цел Фудбалскиот сојуз на Македонија, Управниот одбор и јас лично повеќе пати сме се обраќале до органите за внатрешни работи за откривање на таквите појави. Вие имавте прилика да гледате една утакмица на телевизиските екрани пред неколку дена, која е оценета од јавноста како договорена утакмица и за таа утакмица Комисијата ја нема регистрирано, преземени се мерки.

Според тоа не може Управниот одбор, ниту пак јас да преземаме мерки соодветни кои не се во согласност со нашите правила. Таму каде што ќе се докаже, како што е тоа во светот, во Европа, имавте прилика тоа да го видите со Марце, таму и ќе се преземаат ригорозни мерки. Според тоа сите такви искажувања се само паушални недокажани, а ние сме правна држава и треба да работиме со правни акти.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дами и господа пратеници, ова не беше само реплика, беше и дискусија, меѓутоа бидејќи пред мене зборуваше еден спортски функционер се согласувам и така нека биде.

Мене ме радува што првата информација за актуелните состој во спортот поттикната од господинот Поповски, а кој друг го правел тоа ако

не господинот Поповски и таква информација дури и потпишана и предлагана, предложена од сите координатори на пратеничките групи во Парламентот. Тоа значи и се потврдува "дека спортот не познава политики и граници. Навистина, добро е што расправаме, дури и би требало уште повеќе да расправаме за спортот, а воедно задоволува тоа што од една ваква поттикната информација дојде и една анализа за актуелните состојби во спортот во Република Македонија, која е опширна, содржајна. Јас успеав само еднаш да ја прочитам и жал ми е што само еднаш можев да ја прочитам и сега веќе имаме навистина една јасна претстава, слика што и како е со спортот во РМ.

Прво, добро е што се предвидува и во информацијата и во анализата една реорганизација во спортот, иако почетоци во една реорганизација на спортот веќе има. Меѓутоа, во една ваква реорганизација ме загрижува тоа што тој мал дел од буџетот за финансирање, за инвестирање во спортот токму тогаш кога имаме реорганизација на спортот тогаш паѓа. Сигурно од тие показатели и во првата информација од координаторите на пратеничките групи се бара тоа да биде околу 0,5% од вкупниот буџет на РМ за инвестирање на спортот.

Исто така се спомнува дека 80% од спортот во затворени објекти т.е. во сали се организира во затворени објекти односно сали за физичка култура на училиштата. Меѓутоа, ако е така, а во Информацијата и во анализата имаме дека само 20% од тие затворени објекти се оспособени со сите стандарди да се одвива односно да има спортски тренинзи и натпревари. Тука јас би додал дека за одржување на тие објекти односно тие сали за физичка култура ако се одреди само училиштата да ги одржуваат, а за одржување на такви сали кои до максимум се користат и од други спортски друштва и клубови, тие навистина не можат да ги одржуваат. Дека не можат да ги одржуваат ние можеме да ги прошетаме

сите сали за физичка култура на училиштата и веднаш ќе се забележи дека навистина одржувањето е за никаде.

Исто така ги поддржувам сите предлози, а таков предлог имаме и во Информацијата за посебно министерство за спорт.

Ги поддржувам и системските решенија за финансирање во спортот, а уште повеќе да се донесе и закон за спорт. Зошто? Затоа што имаме прилики во една нова реорганизација на спортот каде што настанати се промени во самите клубови и се јавуваат одредени спонзори на одредени клубови кои како спонзори не фигурираат. Таквите се изложени на одредени трошоци, меѓутоа тие се изложени на одредени трошоци само затоа што го сакаат клубот, само затоа што имаат нивни играч во тој клуб односно само затоа што го сакаат спортот. Меѓутоа, ако нема законска основа и обврски во тоа, тогаш веќе тоа ќе оди со едно однесување кое навистина може да дојде и субјективноста во прашање итн.

Сопственичкиот статус на спортските објекти исто така не е решен. Јас мислам дека во еден систем што помина се изградија многу спортски објекти и патрон на тие спортски објекти беше севкупното општество во РМ. Сега, во тие објекти спортот, клубовите ги користеа и ги користат па дури има и такви случаи кога не им даваат за право на другите спортски клубови односно фудбалски , кошаркарски итн. да ги користат затоа што веќе како да има една одредена незаконска сопственост кон таквите спортски објекти, било да се стадиони, сали итн. Мислам дека со закон тоа најдобро може да се одреди. Сега сме во една ситуација, во една реорганизација на лигите во такмичење во Македонија така што одеднаш имаме еден голем скок на одредени клубови кои играле како чисто аматерски клубови, па нивните услови каде што се одвивале нивните спортски активности се наречени фудбалско игралиште. Одеднаш од едно фудбалско игралиште да играш на стадион со трибини итн. не им се

овозможува, односно тешко можат да имаат критериуми кои би одговориле на таквите клубови, затоа што од една општинска или регионална лига набрзина клубот станува член на втора или прва Македонска лига, каде што критериумите се сосема други а клубот нема никакви финансии, никаква можност да одговори на сето тоа.

Некаде се спомнува и примарната здравствена заштита. Јас мислам дека за спортистите би требало да ја имаат и понатаму таа привилегија затоа што сите привилегии што би ги имале спортистите ние треба да ги поддржиме и тие да спаѓаат во редот на оние што користат примарна здравствена заштита.

Исто така се спомнува и во Информацијата и во Анализата дека наставниците, професорите по физичка култура, кои треба да вложат дополнителен труд со учениците односно со младината која е школска сеуште. Јас мислам дека би требало да им се признаваат, барем, најмалку 4 до 5 часа во нивниот севкупен фонд на часови во однос на другите наставници односно професори во основните и средните училишта.

Исто така мислам дека би требало да се форсираат и такви спортови кои одговараат на нашиот темперамент односно одговараат на темпераментот на самата младина односно граѓаните на РМ. Вие знаете дека во одредени спортови ние имаме врвни резултати. Само да спомнеме, во спортот за борење ние имаме олимписки медаљи и сега тие спортисти кои можат и понатаму одеднаш да не презентираат со високи резултати треба да се форсираат со тоа што ќе им се помогне да работат во добри услови, сосема добри услови, не во некои напуштени, запуштени сали за физички култури затоа што треба, исто така и тие врвни тренери кои можеби сега не се во Македонија, но треба да се

вратат таквите, дури треба да се третираат како потребен кадар на РМ со некои приоритети за да може да им се обезбедат некои основни услови тука за живеење, работење односно да дадат допринос за тоа што е спорт.

Јас би кажал уште неколку збора за навивачите на спортот. Во анализата се спомнува дека има појава така наречени "типо групи" Европски, имиџ е тоа итн. Јас мислам дека такви "типо групи" односно такви навивачи, организирани на тој начин, со нивно настапување на фудбалските стадиони, спортски сали итн. навистина не одговара со многу нешта што ги имаме ние во нашето поднебје. Дури, јас би рекол ако се продолжи една таква толеранција, такви појави неможат и не би требало да се спречуваат секогаш со полиција, со органите на Министерството за внатрешни работи затоа што резултат на тоа секогаш се проблеми кои се огромни, затоа што нивното однесување, на таквите навивачи веќе е ирационално. Значи, тие не кореспондираат апсолутно со тоа што е реалност во животот. Не може и непаме ние такво поднебје да ни се случи на пр. еден Хејсел, недај боже како што беше пред неколку години па да имаме дури и жртви. А такви прилики за малку дури и ќе имаше на некој стадион.

На крајот, јас мислам зборувајќи и за Анализата и за Информацијата најдобро сиже на сето ова се заклучоците на Комисијата за образование наука и физичка култура. Ако се прифатат овие заклучоци тогаш јас мислам дека луѓето кои се професионално ангажирани во спортот ќе можат да придонесат.

Исто така би спомнал и за објектите кои што се наборјуваат како незавршени дека е заборавен или намерно, или финансиерот веќе никаде го нема објектот "зимски базен во Чаир" кој веќе е пренаменет во некои магацини. Јас знам дека тој објект е започнат со самопридонес

на граѓаните на град Скопје, меѓутоа застана работата, тој објект остана и јас мислам дека на тој терен на тоа поднебје би требало еден комплекс да се изгради до крај . Кога е започнат нека се до^јјиИЕ,- па дури би рекол да не биде само зимски базен, туку да биде еден комплекс и на други сали кои спортистите би ги користеле.

Да завршам со тоа дека се што е добро во спортот јас мислам дека е добро и за здравјето.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во време кога лошите финансиски состојби скоро во сите сфери се доста изразени многу е тешко да се зборува за спортот кој всушност почива, и многу недостатоци што се забележуваат се последица на недостиг на финансиски средства во оваа витална гранка за една нација.

Подржувајќи ги заклучоците сакам да дадам еден прилог дека е неопходно во заклучоците да се внесе и ангажирање на масовноста на спортот. Мислам дека премногу е даден акцент на врвното спортување на поодделни гранки, а за кое мислам дека не е обележие за развојот и цврстината на една нација. На пример ако ние во друштвото на некој начин кога имаме голем број и постојан пораст на невработеност, младина која по завршувањето на средните училишта не се апсорбира на факултетите итн. ние мораме да правиме така да ангажирањето на овие млади во спортскиот дел и тоа како да го помогнеме и нивното насочување да биде во тој правец, а не во правец на постојан престој во кафаните, во појава на бројни деликвенции итн. На пример, јас и минатата година исто така на оваа тема дискутирав во смисла дека последните години покажуваат рапидно зголемување на деформитетите не само кај популацијата на машките, туку и кај женските. Тоа е нешто кое треба сите нас да не загрижува бидејќи е директен одраз на тоа што

опаѓа масовниот спорт. Ако ние гледаме правилно и овие што се занимаваат со врвниот спорт мора да бидат свесни дека доколку недостига масовниот спорт тој никогаш нема да има соодветна селекција на било која гранка во врвниот спорт. Тоа значи дека покрај масовноста на спортот ние мораме исто така да водиме сметка спортот да не се развива со развивање на спортски објекти, кадар итн. Во поголемите места во Републиката, туку треба да се развива и во помалите места, бидејќи праксата покажува дека токму врвните спортисти, тие што даваат и најдобри резултати по правило се по потекло од помалите места.

Од тие причини во прилог на заклучоците сакам да го кажам и следното. Мислам дека од времето кога спортот се негуваше и во поголемите работни организации сега во процесот на трансформацијата на работните организации во интерес на здравјето и на нацијата треба да се води сметка во рамките на спортските организации, во рамките на министерствата кои се занимаваат со таа дејност мора да водат сметка и да вршат одредени планирање како кадровски, исто така и помошни во организациониот дел во тие работни организации во текот на работното време, дали 15 или 20 минути, така како што е во други- те цивилизирани земји да се одделува еден дел од работното време мало спортување кое има немерливи резултати во однос на зачувување на здравјето, а исто така директно се одразува и на продуктивноста на работата.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ :** (Продолжение)

Исто така евидентно е опаѓањето на спортувањето кај средношколските младинци кои што се сместени во интернатски услови на живеење, каде што во поранешните години постоеја таканаречени обавезни утрински вежби изведувани од стручни лица, а кои денеска поправо многу ретко каде постојат. Мислам дека и ова нешто треба да биде ставено заклучоците на Програмата и треба полека полека да се реализира.

Што се однесува до организацијата, мислам дека и самите показатели на Министерството покажуваат дека постојните спортски објекти како неискористени 50 насто покажува доволно дека не само оние што не се користени во попладневниот период кога училиштето завршува, а со тоа и салите се затвораат, но исто така дека не се доволно искористени ни во претпладневните часови, а да не зборуваме дека тие не се ни пристапни за другите популации, освен за школската младина односно за школото во кое се учат децата.

Друго, школите некаде 30 насто кои се наведуваат како школи кои не поседуваат спортски објекти, мислам дека треба да се даде еден рок за година, две тој проблем треба целосно да се реши и ние веќе не смееме да дозволиме основните вежби во својот почетен раст да не им се овозможат со стручни помагала тоа да се одвива. Ова поради тоа што спортот како гранка како и другите егзактни гранки не трпи никакви импровизации и тоа бара соодветни помагала, соодветен стручен кадар и бара сукцесивност во работењето односно во изведувањето на вежбите од година во година и така на тој начин во таа масовност на спортувањето ќе се овозможи да се направи една селекција. Мислам

дека тоа би било нешто како приоритетно, а додавајќи го и примерот од мојата општина, како и бројните општини кои се како неразвиени или општини кои не поседуваат спортски сали за спортови кои се од републичко значеше, кои поседуваат одредени стандарди за републичко такмичење, поправо државни такмичења, исто така да се земе предвид во заклучоците со одреден број на години, дали година-две, дали со зголемување на стапката на буџетот, дали одделни средства од фондот за неразвиени, или со некои други средства со оданочување на алкохолни пијалоци или преку средствата од игра на среќа, сметам дека е крајно неопходно и потребно и малите места да добијат едни такви објекти да имаат можност и нивните симпатизери и гледачи да гледаат одредени спортски настани на ниво на држава. Поради тоа и вие сами знаете дека во ова време во однос на општите политички состојби што значи еден републички натпревар во било кое место кое собира една масовност на сите популации, каков е тој психички релакс и што значи за здравјето и воопшто за расположението на луѓето.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, јас за разлика од претходните дискутанти ќе бидам многу краток, меѓутоа и ги поддржувам нивните излагања. За спортот нема двоумење, спортот треба да се прифати, бидејќи со спортот се афирмираат многу личности во сите спортски активности и дејности. Меѓутоа, дали се младите во иста предност низ Републиката, јас би рекол дека не се, затоа што во градот Скопје, младите имаат подобри услови за да се развиваат, односно да се занимаваат со разни активности што се однесува до спортот, за разлика од нивните врсници во општините, а поготово во општината од каде што доаѓам јас од.. општина Кичево.

Да изнесам некои работи за Министерството. Во општина Кичево имаме три клуба кој едниот се квалификува од општинска лига во регионална, тие се "Борец", "Влазними"д "Башкими". Трите клуба имаат едно исто игралиште во кое игралиште си ги давеа нивните активности што се однесува до тренинзите и утакмиците. Меѓутоа, истото игралиште им е одземено од трговското претпријатие "Нов Дом" а од друга страна тие клубови се должни фактички да патуваат по 20 километри за да ги обават нивните тренинзи за натамошното такмичење во врска со фудбалот. Значи одат во село Чолопек по 20 километри, патуваат се изложуваат на трошкови, исто така кога знаеме кога овие клубови и малку се финансираат. Меѓутоа, должност ми е Министерството да го известам дека фудбалскиот клуб "Влазними" годинава е член на регионалната лига, а истиот фактички е должен на градското игралиште кој за мене мислам монопол и второлигашот "Напредок" да му плаќа за секоја утакмица по 300 германски марки. Дали е во состојба тој товар да го издржи кога во овие услови слабо и се финансира како клуб, а од друга страна се должни постојано да бидат гости, а не некој пат да биде домаќин. Затоа, молам ова да се види и на теренот дали сме да се напредува спортот или не. Кога знаеме дека пред мене некој од пратениците рече дека има и тајни спонзори кои чисто заради љубов кон спортот го финансираат спортот, а не вака пред нивни очи да земаме игралиште и фактички ги изложуваме на трошкови да патуваат по 20 километри. Се согласувам со претходните дискутанти за спортот.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувано Претседателството, почитувани пратеници, ја поздравувам иницијативата за доаѓање на оваа точка на дневен ред на ова Собрание и може да се подискутира поопширно за состојбите во спортот во Република Македонија.

IX/4.-

Исто така, со жалење можам да констатирам дека досега во досегашното работење на ова Собрание во неколку наврати се има покренато прашањето за спортот, а тоа е и за изгласување на спортот и за физичката култура да бидат внесени како уставна категорија, што за жал од нас пратениците не беше изгласано, а втората активност од пратениците од Либералната партија беше во Законот за здравство одредена партиципација која активните спортисти се должни да ја дадат при одделните прегледи, истата да се ануилира, исто така не беше усвоена од ова собрание. Се надевам дека оваа информација, со овие предлог заклучоци кои во целост ги прифаќам, ќе биде прифатено од ова собрание и мислам дека тоа ќе биде оној максимум што може ова собрание да го даде. И оние два минуси што досега на- вистина ги заслуживме во целост со оваа изгласување ги анулираме.

Мојата дискусија ќе биде надградба на дискутантите кои беа пред мене, посебно на дискусијата на г-динот Поповски кој се задржа на активирање и разглобување на состојбите од врвниот спорт, така да мое надградување на тоа ќе биде да дискутирам за состојбите со масовниот спорт. Имено, тој масовен спорт треба да претставува база, фундамент, на кој што ќе се надогради она за која дискутираше г-динот Поповски, а тоа е врвниот спорт. Одредени состојби се забележителни, а искажано е и во самата информација, мислам дека целокупните состојби не во овој спорт не се на она ниво кое треба да бидат на оваа држава. Морам да кажам дека разочарувачка е состојбата посебно во овие базични активности во спортот. За отстранување на тие негативности во овој спорт би рекол како мислење треба да се вградат во Законот за спорт, а кој претставува и еден заклучок, т.е. Предлог на заклучок кој треба да се изгласа е дека мора посебно да се обрне внимание во воспитно - образовниот процес, така да одредени прашања да се регулираат и опфатат токму во овој воспитно - образовен процес, Прифаќање на нашата млада популација уште во најраните години од нивниот живот од

IX/5.-

предучилишното образование, основното образование, средно образование итн., нормално со една надоградба во дополнителни активности, кои дополнителни активности треба да бидат зацртани покрај во Законот за спорт и во Законот за основно и насочено образование, што за жал по постоечките законски нормативи тоа го нема и како нормална исприка на стручњацитe во спортот им е прилика дека тие не се финансирани за тие активности кои би требале да ги обават, така да и таа проблематика треба во законските прописи кога ќе се изготват да бидат опфатени и да се решат овие дополнителни активности на кадрите кои се занимаваат со спорт. Нормално сите тие активности треба да се изведуваат на одредени спортски објекти, а тоа е онаа трета проблематика која за жал во Република Македонија најмалку се обрнува внимание, тоа е состојбата со спортските објекти. Исто така и решавањето на целокупното финансирање на спортските објекти, нивното одржување, како и функционално одржување на истите за одржување на сите спортски натпревари, како и на подготовки на тие спортисти не е регулирано, така да моментално тоа е еден икс помеѓу одредени финансирања од Републиката од одредени стопански субјекти, но тоа не е она решение кое треба да го има една држава за тие спортски објекти. Тука посебно треба да ги истакнам и зимските центри кои се опфатени и во информацијата, кои зимски центри за жал не се доискористени во целост функционално, не само за рекреација туку и за спортско активирање и реализирање на одредени спортски активности во истите. Како посебен проблем го истакнувам проблемот со зимските одморалишта кои се изградени на сите поголеми планини и езера во Република Македонија кои бдеат празни 9 .до 8 месеци во годината, а истите се во функција месец до два. Мислам дека таа база која ја имаме

во тие детски одморалишта државата кога некогаш финансирала во истите навистина треба да го најдат своето адекватно место во едно од овие ресорни министерства. Нормално да бидат и адекватно финансиски покривани, како и функционално пополнувани со луѓество, мислам на

IX/6.-

луѓство во однос на масовен спорт за активно вклучување во воспитно образовниот спорт баш во овие детски одморалишта. Конкретен пример би дал за можноста за пролонгирано користење на годишниот одмор и во летниот и во зимскиот одмор, за што поголем временски период овие одморалишта да бидат искористени за обавување на овие активности во нив.

Посебно би се задржал на една тематика, тоа е комерцијализацијата во спортот. свесни сме, на очиглед на сите дека овој проблем во Европа и во светот е решена на адекватен можен начин, со едни критериуми правно - финансиски издржани и одобрени од сите влади на земјите каде што тие се упразнуваат. Кај нас е ситуацијата сосема поинаква, морам да кажам дека се јавени одредени злоупотреби на спортот по комерцијални сфери, тоа е првенствено при рекламирањето на одредени наши фирми кое рекламирање не оди за функционално продуктивно зголемување на профитот на тие компании, туку оди за функционално прикривање на данокот кој треба да го пратат тие фирми за одредени активности, а преку оваа комерцијализација и божемно финансирање на спортот доаѓа до страшно намалување на даноците кои индиректно влијаат за немање на финансиски средства функционално истите да се вложат во спортот.

На крајот би истакнал дека во заклучоците односно во петтиот заклучок да се достави до Министерството за образование и физичка култура и да се достават и до Министерството за финансии и до Министерството за труд и социјалан политика, ценејќи ја мојата дискусија дека овие три министерства се тангенционално поврзани со спортот. А како посебен заклучок би истакнал да стои Република Македонија дека мора да има одредена награда, да дава одредена награда за одредени достигнувања во спортот и физичката култура. Таа награда во Република Македонија постоеше, но за жал истата од одредени идеолошки предрасуди, тоа беше наградата 25 мај, што беше укината, од моја

IX/7.-

страна оправдано,,но за жал, на нејзино место ресорното министерство не понуди соодветна награда. Како предлог на заклучок предлагам ресорното министерство да изготви одреден својствен начин во рамките на нивната работа да одредени републичка награда за врхунски достигнувања во спортот и физичката култура во Републиката.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, гледајќи ја информацијата и анализата, заклучив некои работи и слободен сум да ги кажам. Предложено беше системско решение за финансирање на спортот. Исто така, во анализата се препорачува и рационализација. Знаеме дека спортот е многу скап и навистина потребна е рационализација во спортот. Но веднаш понатаму министерството предлага во анализата да имаме две министерства. Министерство за образование и Министерство за физичка култура. Каква ќе биде таа рационализација, ако имаме две министерства. Знаеме дека Швајцарија има многу помалку министерства од Македонија. Тоа навистина изгледа овде така ми личи дека има веќе и поставено кој ќе биде министер и се што следува понатаму. Согласен сум со анализата да нема паралелни органи. Навистина, ние имаме многу паралелни органи Така покрај министерството за образование и физичка култура имаме сојуз на организации за физичка култура така наречена СОФКА и Олимписки комитет. Овие две не држи да постојат истовремено. Или СОФКА или Олимписки комитет. Дали требаше СОФКА да се трансформира во Олимписки комитет или не, или беше по полезно вака што се формира сега еден олимписки комитет, оставам други да решат.

Понатаму, за рационализацијата би спомнал, имаме многу цврсти сојузи, зарем не може тие спортски сојузи да ги споиме. Па така, ако земеме пример за боречките спортови имаме борење, бокс, карате, џудо и слично. Зарем не може сето тоа да помине во еден спортски сојуз, заради рационализација. Понатаму, втор пример пливачки спортови. Пливање, ватерполо. Зарем не можат заедно да бидат. Трет пример,

IX/8.-

кајак имаме намирни води, на диви води и се тоа посебна администрација за сите тие. Простории, луѓе, дневници, состаноци, губење време. Да ги набројувам и другите јас мислам дека е доста. што значи расходите се дуплираат. Наместо да се поевтини спортот на квалитетот, ние создаваме нови сојузи и средствата ни се одливаат. Затоа со таа рационализација со заштедените средства да обрнеме внимание на здравјето на спортистите, па така да се обезбеди здравствена заштита на категоризираните спортисти.

Второ, да зајакне спортската медицина. Гледаме никаде не се споменува спортската медицина. А знаеме секоја година ни умираат спортисти на терен. Пред две години сведоци сме во Куманово умреа двајца спортисти. Минатата година во тетовското село Дрвеница умре исто така спортист и тоа на терен затоа треба да ги зајакнеме систематските прегледи на спортистите. Но не само на врвните, туку и помасовно, ако имаме масовност тогаш ќе имаме и подобар квалитет, а спортската медицина е интегрален дел со спортот. Без спортска медицина не може да напредува спортот. Понатаму, треба соработка, а з тоа треба финансиски средства на тренерот со спортскиот лекар. Понатаму медицинско обезбедување со стручни кадри на натпреварите. Знаеме ние најчесто при натпреварите наместо стручни кадри како специјалисти по спортска медицина, физиатри, ортопеди, и трауматолози и на најчесто општи лекари. Па дури сега во Словенија на репрезентациите кога одеа видов еден општ лекар на спортскиот терен од Македонија.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ**: (продолжение)

Понатаму, тие лекари треба да имаат и адекватна опрема

на спортскиот терен. Со мои очи сум видел фрактура на нога, а нема најобична Крамерова шина, па со даски го имобилизираат. Тоа многу често се случува.

На крајот би предложил и се согласувам со анализата и информацијата што поскоро да се донесе законот за спортот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Еве, заради присуство на пратениците ќе настојувам да бидам краток.

Ќе бидам краток за да кажам нешто, односно мое видување во однос на самата анализа.

Прво, морам да ја пофалам самата анализа, таа е многу стручно и сеопфатно изготвена, и јас како аматер во оваа област имав шанса и можност да се запознаат со целокупната состојба на спортот на Република Македонија.

Информацијата посебно ми се допаѓа заради тоа што направи еден поттик и го анимира Министерството да изготви една таква анализа а понатаму сигурно ќе следат и други активности.

Она што е наведено во рамките на самата анализа ја дели судбината во општините. Јас лично ќе ви кажам со факти. Мислам дека спортот, гледано од аспект на она што беше од пред три години од трансформациите, од она што го направивме со Уставот како своја држава, односно, како самостојна држава, и преминување на општинските СИЗ-ови и Републичката СИЗ во самото Министерство, спортот и по обем и по квалитет опаѓа. Тоа се параметри кои се присутни во општина Куманово и да не кажам драстично опаѓање и на квалитетот и на масовност.

X/2

Зошто го говорам ова. Ние во Куманово имавме извонреден спорт да кажам кошаркарски, имавме боксерски, ракометен, имавме и други спортови. Сега за сега можам да ви кажам дека кај сите овие спортови се чувствува една стагнација, со исклучок на некој индивидуален спорт заради индивидуални природни способности и со некоја техника на своите тренинзи успева да се наметне како индивидуален спорт. Зошто го зборувам ова? Јас тврдам, на еден состанок на нашата СОФКА во општина Куманово чиј член сум , констатиравме дека финансирањето кое беше обезбедено на ниво на општинските СИЗ-ови во општината е опаднато во однос ка она што го нуди Министерството од- носно државата, односно Владата сега за 100%. Останаа исклучиво средства само за она што го зборуваме - државна лига. Ние македонската лига ја претворивме во државна лига и тука имаме еден сериозен проблем во самото чувство, во самото однесување на сите нас и сметаме дека штом станавме држава имаме голем државен клуб прва државна ракометна лига, прва државна фудбалска лига и во сите такви спортови и почнавме тотално професионално или да гаиме надеж дека можеме сега да се однесуваме така како што се однесува Германија, Шведска, Австрија.

Анализата го покажува- сосема спротивното. Дека според состојбите на државата, а знаеме дека во нашата држава националниот доход е 650 долари по глава на жител. Ако го споредиме она што го имаме во спортот и колку средства се издвојуваат, па некој ќе рече тоа е добро. Друго е проблемот како да се изорганизираме. Ние останавме со стара организација. Останавме на тоа што спортот го споивме со образованието. Јас сфаќам дека има интегрален однос, дека има спој меѓу образованието и физичката култура, меѓутоа, тврдам од искуство иако сум аматер во оваа област, тврдам дека ние мора да го издвоиме

спортот од образованието ако сакаме да се носиме со сите проблеми што се врзани за лига - систем и за квалитетниот спорт, а 57 да не говорам за масовниот спорт кој треба да добие друга димензија.

Во тој однос апелирам под итно Министерството, јас не говорам ако зборуваме сега за рационализација, па ние под рационализација не подразбираме отпуштање на работници, туку да ја рационализираме состојбата да обезбедиме посебен квалитет во одредена дејност за да можеме поквалитетно да работиме , да ја следиме состојбата и да нудиме решенија. Јас тврдам дека вака , нека ми извини Таки, дека вака како сме организирани во склопот на образованието ние немаме никаква шанса и квалитетно да работиме и квалитетно да нудиме нешто што е европско. Овде мора да постои стручна елита која може да се бори со проблемите и тоа квалификувано добро образована заради спортот оти не е тоа само некоја адхок ситуација, туку тоа бара стручњаци кои треба да се носат со проблемите. Еве пред нас имаме колега пратеник Поповски какви успеси бележи во својата дејност. Не значи само да знаете како да одите по вода, туку како да пливате, како да се подготвите. Но, да не гњавам многу, мислам дека во тој дел треба да се направи нешто повеќе.

Меѓутоа, имам впечаток сега почнавме да се однесуваме многу професионално. Квалитетот во републичките лиги и бројот на екипите тврдам сега како е поставен тој систем и начинот на финансирањето и учеството на клубовите во автономните сојузи, јас велам автономни сојузи каде никој никого не слуша , дури тврдам дека и Министерството не може да влијае на Сојузот, така се поставени хиерархиски во тој дел што за две години кошаркарската лига ќе ни брои само четири екипи. Нашата кошаркарска екипа од Куманово се откажа од натпреварување

X/4

во Републичката лига, токму заради тоа што требаше да уплати некоја измислена котизација на партнер лига која има ' покровител од 3000ДМ. Да Ве прашам кој може да ги најде тие 3000 ДМ кога од македонска лига претворивме во државна лига и сега во таа лига ќе платите 3000 ДМ, ако сакате да учествувате. Нормално немавме пари и се откажавме од лигата. Тврдам дека уште некој ќе се откаже заради тоа што овие спонзори сега малку се загреани и кога ќе ги видат проблемите кои се присутни во спортот полека - полека ќе се откажат и ќе дојдеме во ситуација да го имаме само ГОДЕЛ - Работнички можеби и МЗТ, а еве сега во Кочани имаме една еуфорија со прифаќаше на 5-6 странски играчи, но тоа е само материјалната страна и ништо друго. Така ја сечеме гранката на која стоиме. Не создаваме нов кадар, туку купуваме, а немаме никакви пари.

Да Ви кажам еден апсурд. Учествував на еден натпревар, можеби Ви е досадно, па можете да си одите. Да ви кажам еден проблем во спортот, бидејќи се бавам со тој спорт. Една македонска ракометна лига доаѓа делегат, судија. Секој делегат, делегатската такса заедно со патните трошоци изнесуваат околу 150 ДМ. Вкупно тие 4 службени лица изнесуваат 700' до 800 ДМ. Замислете сега Клубот не се бори како да обезбеди квалитет да се натпреварува, туку како да собере пари да ги плати луѓето кои се дојдени по службена линија. Зошто е дојдено до тоа? Автономноста на сојузот и на судиската комисија која сама одредува такси и нормално Министерството нема никаква шанса да влијае. Бидејќи ние како пратеници сме многу критикувани нашите патни и дневни трошоци на нас 10 пратеници изнесува една судиска такса, односно делегатска заедно со патни и дневни трошоци.

X/5

Денеска 10 пратеници што ќе земат патни и дневни трошоци, толку чини еден делегат во една наша државна републичка лига. Тоа е вистина тврдам, бидејќи гледам како ги потпишуваат тие документи и работам во самиот систем. Ако вака одиме, тврдам дека ако Клубот работи и спонзорот работи исклучиво за ова да плати 3000 ДМ котизација, секоја недела да плаќа по 700 ДМ за делегати, такси , јас верувам дека во 1994 година, квалитетниот спорт ќе опадне и ќе стане за никаде.

Уште нешто сакам да кажам мислам дека Министерството односно државата мора да ги одвојат состојбите што значи држава, што значи професионализам. Ако државата се наметне тука дека треба да развива некој спорт, јас лично мислам дека треба да се заинтересира за да го обезбеди спортот во основното, средното, вишото и високото образование, во тој дел како масовен спорт, а тука ја гледам превенцијата на она што се вели "во здраво тело здрав дух". Сето она што претставува професионализам државата ќе учествува толку колку што може, а изборот на спонзорот на некои клуб, тоа ќе биде на негов товар, тоа значи како системот на приватизацијата односно на претпријатијата кој може да работи ќе остане, а кој не може да работи ќе отпадне со тоа што државата треба да влезе во репрезентативниот спорт, спорт кој не претставува надвор од државата. Ако некој клуб, без разлика штоп има спонзор, државата мора да води сметка дека тој поединец, таа екипа мора да биде поттикната да биде квалитетна и квалитетно да не претставува надвор од Републиката.

Во таа смисла, мислам Таки, време е да се одвоите од Министерството за образование, да создадете една квалитетна екипа која ќе работи во спортот, а во меѓувреме ќе работите и на донесување на закон, закон за спортот кој исклучиво ќе ги решава сите проблеми и ќе го направи спортот по вертикала и по хоризонтала и ќе знаеме во Републиката како треба да се однесуваме дали европски или ќе се однесуваме така колку што ни е чергата ќе си ги пружиме нозете, а не да создаваме услови толку колку што не можеме.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Спортот заслужува внимание на Собранието од причини што мал е бројот на оние кои се бават професионално со спортот, а огромен е бројот на оние кои аматерски, волонтерски учествуваат во создавањето на резултатите во спортот кои Републиката ја афирмираат надвор од земјата.

Провокација за една ваква расправа е тоа што видовме некој податоци дека од буџетските средства кои се одвојуваат за образованието за спортот се издвојуваат некаде од 1,33 до 2,5%. Овие проценти да се преиспитаат во наредниот период, поддржувајќи ја Информацијата која ја имаме. Значи, спортот апсолутно, да не се повторам со оние што афирмативно зборуваа за спортските активности во Републиката, сакам да го потенцирам пливањето како еден од основните спортови на младата генерација од најмалата возраст. Децата не случајно од најмала возраст сакаат да пливаат, да учат пливање уште од претшколската возраст. Некои научници тврдат дека детето природно е наклонето кон водата заради тоа што уште од мајчината средина, па понатаму сака да продолжи да спортува и да се бави со пливањето и пливачкиот спорт.

X/7

Пливањето има и една друга димензија за разлика од другите спортови, јас ги сакам сите спортови , но пливањето овозможува една голема масовност, тој е еден од најмасовните спортови, пливањето е база за другите спортови затоа што со ни еден друг спорт децата не се бават од најраната возраст, а пливањето значи истовремено ако се научи да се плива се осигурува животот во некои состојби на масовни несреќи, во вонредни состојби, во поплави и други несреќи.

Се залагам пливањето во оние места од Републиката каде има услови, каде има и летни и зимски базени да биде составен дел од наставата, па нека биде предизвик децата во овие средини каде има услови каде има зимски базени со завршувањето на основното образование задолжително да научат на пливаат и тоа да биде обврска на наставниците кои се бават со физичката култура. Сметам дека е многу полесно часовите по физичка култура да се обавуваат само со спортовите со топка, дај им топка па нека си играат, некогаш и без присуство на наставниците, но пливањето бара поголема одговорност, па веројатно затоа не се афирмирало меѓу наставниците, веројатно тука и Факултетот за физичка култура може да придонесе кадрите кои излегуваат од Факултетот , ако сакаат да покажат квалитет и да имаат уште поголеми резултати во Републиката, пливањето треба да влезе како задолжителен предмет во склопот на наставата за физичка култура и на децата од град и на децата од село, тоа може вистински да се организира и во Скопје и во -другите места каде има пливачки базени. Ако веќе градиме зимски пливачки базени нека се градат во склопот на школите, таму каде е нашата младина.

X/8

Струга и Охрид пружаат извонредни услови за развој на водените спортови и во летните месеци и целото крајбрежје на Охридското Езеро е толку запоседнато од млади луѓе и мислам дека треба малку пошироко да се размисли да се форсира и спортот и туризмот и подготовките на домашните и странските екипи на кои треба да им се дадат идеални услови, а овој крај е предодреден тоа да го пружи.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:** (продолжение)

На пример примерот со Струга од Црвен крст детското летовалиште па се до детското летовалиште и одморалиште "25 мај на појас од неколку километри пружа идеални услови за развој на сите водени спортови. Јас сакам со тоа да го потенцирам пливањето посебно и како масовен и како рекреативен и како спорт кој што може да ги негува олимписките дисциплини. Каква радост значеше за нас афирмацијата што ја доживеавме со успесите на маратонското пливање на нашите млади пливачи.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувани пратеници , знам дека трпението е при крај, па затоа и јас ќе бидам навистина краток. Многу од колегите дискутанти во своите дискусии ги изнесоа состојбите во физичката култура како што впрочем го чини анализата на Владата добиена деновиве која на крајот дава и одредени сугестии за надминување на актуелните состојби, па би рекол дека излезот го гледа во д несувањето на Законот за спорт. По однос на ова прашање јас би рекол дека излезот за надминување на состојбите во спортот не може да се бара само во Законот за спорт. Зошто тоа го кажувам? Свесен сум дека со донесувањето на законот за спортот сигурно не ќе се решат и одредени проблеми кои што претпоставувам дека овој закон не може да ги реши. Тоа е прашањето на сопственичките односи, иако и тука се очекува од страна на Владата дека тоа ќе се чини. Меѓутоа, мислам дека таму стојат одредени апсурди по однос на управувањето со спортските објекти кои што се делумно изградени со општествени средства, а има и спортски објекти кои се изградени и со самопридонес. Еве еден таков апсурд. Станува збор за стадионот во Дебар. Со укинувањето на самоуправните интересни заедници со истиот

да кажам управува фондот, меѓутоа за жал човекот кој што е вработен во фондот поради познати при- чини, поради рационализации се наоѓа во - Струга, а стадионот е во Дебар. Видете каков апсурд. Според тоа, мислам дека одредени работи треба да ги надминеме надвор од законот за спорт, бидејќи тоа не е можно.

Второ мое залагање е дека ние на една од седниците кога го прифативме предлогот за донесување на закон за добивка, зборувавме за тоа. Мислам дека иднината на спортот лежи во однос на финансирањето лежи заправо во спонзорирањето, а како ќе може да се спонзорира ако не се признаваат трошоците вложени во спортот ако не се признаваат како трошоци. Заради тоа се залагам дека и овде во заклучоците тоа треба да се внесе и при конципирањето на новиот закон за добивка трошоците за спонзорирање во спортските екипи да се признаваат во трошоци.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Господа пратеници, морам да признаам дека со ретко задоволство ја следев расправата и негувам многу поголем оптимизам во претстојната расправа со добронамерноста што ја покажавте желбата да му помогнете на спортот, велам со поголем оптимизам ја очекувам расправата непосредна што ќе дојде по Законот за спорт кој инаку во понеделникот Владата го разгледуваше и во најскоро време ќе*дојде пред вашето Собрание. Во сите ваши искажувања со мали можеби исклучоци навистина се гледа една загриженост, една желба да му се помогне на спортот што ќе рече и на младината и иднината на оваа земја, многу искуства искажувате низ предлозите што вие ги рековте и се разбира подржувајќи ја анализата и информацијата вие во основа

чувствуваме и тоа ќе го речам, чувствуваме и една потреба да ве повикаме да ги оцениме заеднички дали добро стратешките решенија понудени во Нацрт законот за спорт ќе бидат добри, или не. Тоа значи дали начелно, рамковно добро ќе ги определиме основните пунктови, или пак ако тука направиме промашување ќе имаме многу потешки последици. Ова го велам и од причина што со доста убави зборови се искажавте и за анализата, а таа е и мора да е во функција на следново. Од анализата мора да произлезе каква состојба во спортот имаме, со каков стручен рофесионален кадар располагаме, кои објекти ги имаме и кој е потенцијалот на спортистите. Ако реално не се појде од една таква база без додавања и глорифицирања ние не ќе можеме да предвидиме и законски решенија кои истовремено ќе сакаме и ќе мораме да ги реализираме. Не смееме да планираме во облаци нешто што сакаме, а очигледно анализата тоа и го покажува без да водиме сметка за реалната состојба што ја имаме. Во предлозите што се дадени од Комисијата гледам навистина и сеопфатна дискусија и гледам навистина многу разумни предлози кои доколку овој Парламент ги прифати ќе значат многу за подобрувањето на материјалната и финансиската положба на спортот, особено предлогот за ослободување на донаторите кога е во прашање финансирање во спортот и за спортска активност и она што значи предлог одвојување на 1% од данокот за промет за финансирање на квалитетниот меѓународниот спорт. Мислам дека на тој начин ќе создадеме уште поголем интерес особено кај поседниците на приватниот капитал кои и во овој момент многу го помагаат спортот, без нив впрочем во оваа година спортот ќе беше во еден тотален без излез. Значи помагајќи ја нивната иницијатива и нивното инвестирање ослободувајќи ги спортските реквизити и опрема што не се произведува во Република Македонија без таа да биде оцаринета, мислам дека на тој

X/4.-

начин навистина вистински многу ќе му помогнеме на спортот. Каква е сегашната положба само 2,3 податока кои делумно беа изнесени и во анализата. Спортот од буџетските средства на Република Македонија во моментот користи само 0,49%. Од вкупните буџетски средства пак на образованието Министерството за образование и физичка култура за спорт се одо јува 1,33%. Во оваа смисла ако 26-те капитални објекти во Република Македонија ги осигураме од основниот ризик: пожар, поплава, или земјотрес ќе ни бидат потребни во моментот 17 милиони и 500 илјади денари, а за вкупните материјални и други трошоци годишно отсекот за спорт при Министерството за образование и физичка кул- тура располага со вкупно 1 милиони и 300 илјади денари. Од оној скромен денар што се добива и скоро автоматски по критериуми на Комисијата за квалитетен спорт се распоредува на спортските асоцијации. За финансирање на платите така да речам оди, или се одвојува 52%, а за самата спортска дејност во моментот 48%. Ако го вградиме и трендот на инфлација до крајот на годината дејноста ќе биде финансирана од сегашни 48% на 33%. Значи скоро половината средства во моментот што се одвојуваат за дејноста, за спортските активности до крајот на годината ќе опадне на една третина. Точно е тоа што го изнесовте во расправата и прашањето за многу деликатната состојба околу определуваше на сопственичките односи во однос на спортските објекти. Се надеваме дека со донесениот закон за трансформација на капиталот и пропратните инструменти и особено со донесувањето на Законот за јавни служби, или за јавни установи што треба да се најде пред овој Парламент со последниот закон исто- времено треба да се направи разграничуваше кои објекти се од државен, јавно значеше и како таков ќе го добијат третманот на јавни, државни објекти, а кои тој статус ќе го немаат. Во таа

смисла го бараме, или ќе го исчекуваме решението зошто проблемот не е само кичевски, туку проблемот и во други градови се среќава за тоа кој има право да ги користи спортските објекти. Впрочем, на неколку наврати самите вие во таа смисла поставувате и пратенички прашања.

Сакам за верба на вистината и за верба на оние млади ентусијасти и спортски работници кои во најголем број случаи чесно и самопрегорно ја обавуваат својата работа наместо свој коментар на еден дел од дискусијата на еден од пратениците, да прочитам еден дел од извештајот што до Министерството, но обелоденување пред поширокатa јавност не доби. е пратен од Атлетскиот сојуз на Македонија во однос на толку коментираниот и со разни нагласки интерпретиран чин на учество на македонската делегација на IV светски фестивал на атлетиката во Штудгард. Потпишан е од тројца учесници и прифатен од Атлетскиот сојуз Чадиковски Горѓи, Тасевски Зоран, и Јовчевски Раде. Јас нема да коментирам, само дел од нивниот записник за верба во вистината ќе го прочитам.

"За време на свеченото отворање и дефилето на екипите се случи немил настан кој ја помати радоста од приемот на Атлетскиот сојуз на Македонија во ИААФ организаторот на шампионатот не ги делеше знамињата на земјите учеснички надвор од стадионот како што било секој пат досега вообичаено, туку тоа го правеше внатре во стадионот пред гледачите, односно на средината на атлетската патека при непрекинато движење на сите учесници што ја намалува можноста за реагирање при евентуална грешка на организаторот. Нашата репрезентација беше во групата земји чие име започнува со буквата М. Кога на ред дојде нашата екипа организаторот наместо знамето на ИААФ ни даде знаме кое за нас беше непознато. Во првиот момент помисливме дека организаторот го заменил знамето што беше наменето за нашата

X/6.-

екипа со знаме на некоја друга земја учесничка што дефилира позади нас. Веднаш се консултиравме што да правиме. Немаше многу време за размислување, бидејќи поворката се движеше непрекинато. Да го вратевме знамето не можевме бидејќи немаше на кого. Момчето што ни го предаде знамето според протоколот ја зема таблата со натписот на државата од нашиот спортист и продолжи да се движи на чело на нашата репрезентација. Да се бара друго знаме значеше да се прекиен поворката што не беше издводливо. Дилемата беше дали да се продолжи со дефилирањето, или да се фрли непознатото знаме. Решивме да не го фрлиме знамето бидејќи оценивме дека со таквиот афективен начин на изразување на протест нема да постигнеме ништо освен да направиме скандал на нашиот прв настап на светската сцена. Ние сакавме во оваа деликатна ситуација да останеме достоинствени и цивилизирани. Решивме во од да го завиткаме знамето околу стегот, јарболот за да не се виори со што би било помалку приметливо и би се елиминирала основната функција на знамето, изразувајќи го на овој начин нашито протест. Бидејќи организаторот ја повреди одлуката на ИААФ давајќи ни несоодветно знаме сметавме дека сме ослободени од забраната на ИААФ и решивме штом ќе застанеме да го развиориме нашето знаме. За исполнување на таа цел ние продолживме во поворлсата одпоздравувајќи ја публиката која откако ќе го прочиташе текстот на државата Македонија напишано на таблата што организаторот ја носеше пред нас срдечно и бурно не одпоздравуваше. Штом застанавме еден член на делегацијата веднаш стапи во контакт со званичното лице на организаторот на кое му беше вложен усмен протест за настанатата грешка која била забележана од нивна страна за што и усмено се извини. Поради настанатата грешка и неможност организаторот да ја исправи истата, нашиот претставник му соопшти дека ние поседуваме наше знаме и непознатото ќе го замениме со нашето што е и сторено веднаш. За ова сведочат с мени фотографии

и дел од видео записи од свеченото отворање. Следното утро поднесовме остар писмен протест до организациониот комитет како и до ИААФ. Истиот ден ни беше дадено усно и писмено извинување од генералниот секретар како и писмено извинување дека нивното извинување е доставено до ПРЕС-центарот на шампионатот за да можат претставниците на седмата сила да се запознаат и го објават истото. При усното обраќање до генералниот директор на ИААФ Пјер Вајс ни оддаде признание за нашето коректно однесување и воедно ни изрази благодарност бидејќи ни рече дека ако реагиравме поинаку, тогаш вината ќе ја поделевме со организаторот, а во конкретниов случај вината ја сноси само организаторот. Истиот ден побаравме прием кај претседателот на организациониот комитет на светското првенство професор д-р Аугуст Кирш од кого баравме прецизни податоци како можело да дојде до замена на знамето. Тој не прими и ни одговори, цитирам во цитираното "Случајот со вас се испитува, но за нас како организатор е понезгоден случајот со самостојните учесници од Србија на кои по грешка им е дадено да дефилираат под знамето на Европската заедница." Воедно истиот не извести дека поради овие два груби превида шефот на протоколот веднаш дал оставка. И покрај сето ова ние бевме задоволни од образложението и побаравме целиот случај детално да се испита и за истото да бидеме писмено информирани. За сите наши активности околу овој немил настан и званичните соопштенија и извинувања нашите ТВ коментатори беа благовремено известени следуваат потписите.

XII/1. -JJ/МЛ

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор госпоѓата Гулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, морам да ви кажам, не ми е во стил немав намера да дискутирам, меѓутоа во овој случај, навистина, немав намера да дискутирам. Прво, што во принцип мислам дека Собранието не треба да разгледува Информација од ваков тип и покрај тоа што оваа информација беше иницирана по повод атлетското првенство и учеството на македонската репрезентација во истото. Мислам дека оваа работа може исклучиво да се реши само со закон кој што за жал, и покрај тоа што ова Министерство е оформено и спортската проблематика е во него вклучена веќе повеќе од три години, а две години како е осамостоена Македонија, што значи дека се знаеше дека ќе има потреба и ќе има посебни новини во спортот кои ќе мора да се решат само со закон, а не со некакви вербални надгледувања, усвојувања, давање на спонзорства и друго. Тоа ова Министерство, за жал, до сега не го направи. Со оваа Информација нема да може и натаму да се решат работите во спортот, с§ додека не се направи посебен закон во кој што ќе се издвои што е професионален спорт, што е аматерски, со кој дел државата и во кои области ќе партиципира каде не. Меѓутоа морам да ви кажам дека сум иритирана од она што беше прочитано како записник на нашите спортски работници кои присуствувале на ова светско првенство и кои што за мене, како граѓани, не зборувам само како пратеник, верувам и за голем дел на граѓанството на Македонија можеби беше збунувачки, меѓутоа и нецивилизациски чин знамето на една туѓа земја се вее и да сето тоа подоцна после веќе една направена грешка, ако веќе ја окаратеризираме, а сите тоа го велат дека е грешка, се величат со еден цивилизаторски акт на почитување на туѓото знаме. Простете, ама ако некој не го почитува моето знаме тогаш не можам да бидам јас

онаа која ќе ги почи- тува туѓите, а прво своето знаме нема да го почитувам. Така да она што беше овде прочитано за мене можеби е навистина одговор на сите нас кои што баравме Информација да дојде на дневен ред, меѓутоа не одговор кој што е, барем според мене, достоен за почит, затоа што не може грешките да се правдаат со грешки на други или пак до колку се признаат како грешки да се толкуваат како ете ние немаме балкански манири, сме европејци. Јас ќе бидам балканец и понатаму се додека некој не сака да ме почитува мене, моето знаме и мојата држава која што ја претставувам за сметка на некоја друга и туѓа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор госпоѓа Лазаревска.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас имам една мала забелешка на излагањето на господинот министер пред да го прочита Извештајот од Атлетскиот сојуз, кажа дека овде од оваа говорница и воопшто во јавноста биле дадени примедби за учеството за нашата репрезентација на атлетското првенство, Тоа воопшто не беше точно туку беа дадени забелешки за начинот на кој се носеше туѓото знаме. Мислам, го молам министерот тука да бидеме начисто околу тоа. Ние сите се гордееме што нашата екипа учествуваше таму.

Исто така, само во една реченица би сакала да кажам де- ка дефиницијата цивилизациско однесување е многу поголемо од она што овде се кажа и сметам дека ако дадеш до знаење дека ти е твое- то лично достоинство и достоинството на државата повредени, не значи дека не се однесуваш цивилизациски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, ги следев скоро сите дискусии денес овде и посебно дискусијата за нашиот спорт. Само би ве замолил да не се смеете на ова што ќе го кажам, ако сакате да бидете внимателни ве молам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас ги молам пратениците кои ја напуштаат салата да останат уште малку време за да ја завршиме седницата.

**ФАИК АБДИ:**

Јас се сложувам со сите оние кои што му оддаваат големо внимание и голема важност на прашањето на носењето на државното знаме. Тоа е знаме на нашата држава. Јас еднаш кажав и сега ќе кажам дека заедно со овој овде снимател што го имаме - Франц што го викаме и нешто повеќе од него, 51 пат излегов од нашите граници претставувајќи ја тогашна Југославија и водејќи сметка и како игроорец или како водител на група, како претставник на држава, за се што се случува од одењето до враќањето. Секој фестивал, односно секој меѓународен натпревар има свои пропозиции, свои правила, правила за однесување кои што секој учесник е должен да ги почитува. И овде во излагањето на господинот министер јас гледам дека водителите на нашите делегации, нашите претставници постапиле според својата совест, онака како мислеле да не бидат повредени основните норми на однесување, а и да постигнат она што треба да се постигне.

Втора работа, ако не им веруваме на нив, односно не му веруваме на министерот. Јас верувам на се она што го прочита овде  господинот

министер. Сигурно повеќе од сигурно е дека еден најголем дел во светот или обичните луѓе, па и добрите познавачи на политичката и незнам која друга ситуација не знаат многу за нашата земја. Ние имавме прилика пред некој ден да гледаме една емисија од госпо- динот Горан Стефановски она младо момче што зборуваше на телевизија, имаше некој спортски натпревар и манифестација, не се сеќавам дали беше во Романија или Маџарска и прашуваше дали знаат каде Македонија. Скоро никој не кажа каде се наоѓа Македонија. Не знаат каде е Македонија. Тоа се спортисти. Тоа е народ. Меѓутоа дозволете, ние мораме да го прокрчиме нашиот пат до вистината. И така се прокрчуваат патиштата и со грешки. Заради тоа треба да им оддадеме признание на луѓето што учествуваа таму и што ја водеа делегацијата.

И само уште една реченица да кажам околу нашиот врвен и масовен спорт. Ако немаме масовен спорт нема да дојдеме до врвниот спорт. Многу ми е жал како граѓанин, како пратеник, и јас сум играл некогаш и фудбал, да не зборувам, а и целата моја фамилија е во знакот на спортот, мојот син исто така е натпреварувач, кога на трибините не гледам народ. Нема народ на трибините, а имаме ете и државата ја претставуваме со ваков или онаков тим фудбалски или друг спорт. Меѓутоа, ние не сме криви. Мора да знаеме дека сме многу сиромашни. Кога нашата држава ќе биде малку побогата, кога луѓето ќе се вратат назад на работа во фабриките и кога ќе има доволно собирање на даноци од доходот и личниот доход, малку повеќе, тогаш ќе имаме место и за масовен спорт и за другите спортови, сите видови и тогаш ќе имаме сигурно еден ден и за уметноста да разговараме овде, за врвната и за масовната култура, затоа што и таму има многу проблеми а првите наши претставници се токму тие спортистите, како и одредени личности и претставници на културните уметнички самодејности, како претставници и учесници на разни фестивали, бранејќи ги нашите бои и

нашето знаме. Јас се надевам дека ова денеска што расправаме ќе послужи како основа да си ги отвориме очите многу повеќе при донесувањето на законот за спортот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јавува госпоѓа Лазаревска.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Господинот говорник пред мене замоли да не се насмееме за неговата дискусија. Јас не се насмеав навистина, само ми е жал што ја чув оваа дискусија и сакам да кажам дека ваквото гледање на работите не е став на Собранието туку е лично и поединечно. Кога се зборува за однос, за достоинство кон државата и за цивилизациски односи и министерот кажа еден факт дека шефот на Протоколот кој што дозволил да се направи оваа грешка, веднаш дал оставка. Тоа е цивилизациската работа. Сето останато е лично и индивидуално.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници навистина јас не би сакал да зборувам за темата, за спортот, бидејќи самата точка бев против, многу не ја следев бидејќи очекував да се донесе закон за спорт и дури тогаш да зборувам за спортот. Но што ме иритира да излезам на оваа говорница? Прво усмениот дел на излагањето на господинот министер, навистина јас како пратеник, а не само јас туку и вие како пратеници или било кој што присуствува во ова Собрание, нема право да донесе став зошто носеле туѓо знаме и зошто не знаеле да го носат знамето. Ве молам, секој спортист кој учествува во меѓународни натпревари, дали се работи за

спортист, политичар, првата задача и единствената задача му е да го знае своето знаме и својата химна. За жал, ние ако го прифатиме ова што ни го понуди Атлетскиот сојуз и оние учесници на светското атлетско првенство, за мене претставува скандал на овој Парламент. Парламентот не смее да се занимава дали спортистите згрешиле или не згрешиле. Едно е спортистот да згреши само на стартот и да не ја доврши трката а друго е оној што учествува во позадината, зад спортистот т.е. Атлетскиот сојуз кој што треба да ги знае сите детаљи околу учеството на било која екипа. Но овде спортистот, веројатно како спортист не е одговорен, но е одговорна цела онаа експедиција што учествувала на светското првенство. Апсолутно јас не знам што го иритирало министерот да го прочита апелот на Атлетскиот сојуз од оваа говорница. Писмото сигурно беше адресирано до јавноста, а најмалку до Парламентот. Јас, сакам сепак Парламентот да се огради од тенденциите и некои признавања на некои грешки и не грешки. Со знамето нема грешка. Зошто, ве прашувам и се прашувам јас лично, зошто некоја друга екипа кога освои некој златен медал на олимпијада или некое светско првенство не и се случи наместо американското знаме бидејќи американците моментално се на мода во спортот, или поранешната Источна Германија кога владееше со спортот во целиот свет не им се случи да го земат знамето на соседната држава, тогашната Западна Германија. Јас како парламентарец морам да реагирам на реакцијата на министерот, во случајот за храброста, така наречена храброст на нашите врвни спортисти, исто така наречени врвни спортисти и на крај важно беше да се учествува а не да се гледаат последиците. Тоа е една важна лозинска во спортот кој што секој спортист се знае зошто учествува во тие игри. Единствено е знамето, но важно е да се учествува е веќе минато време.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Пред да пристапиме кон усвојување на заклучокот, молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Се врши пребројување на присутните пратеници).

Во салата моментално присуствуваат 54 пратеници;

Молам службите да ги повикаат пратениците од другите простории во Собранието. (И покрај повикување на пратеници, немаше доволен број присутни пратеници за гласање).

Ние сме на крај на завршувањето на Шеесет и шестата седница и зависи од кворумот дали ќе ја завршиме денеска или ќе ја оставиме за друг ден. Еве немаме кворум за гласање.

Во салата има само 56 пратеници што е очигледно дека не- маме кворум за работа.

Бидејќи немаме кворум за гласање и продолжување со работа, а останува само чинот на гласањето, односно на усвојувањето на заклучоците по ова прашање, ја прекинувам седницата вечерва, а гласањето ќе го направиме пред почетокот на Шеесет и осмата седница што е закажана за 4 ноември во четврток во 10 часот.

(Седницата ја прекина работата во 16,10 часот).